**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Третото продолжение на Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 5 јули 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,15 минути.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието на Република Македонија Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Уште еднаш ги повикувам пратениците да влезат во салата, наскоро ќе почнеме со работа.

Продолжуваме со работа по 53-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Радмила Шекеринска, Владо Бучковски, Ацо Киров, Цветанка Иванова, Елмазе Селмани, Данаил Дончев, Јован Манасиевски, Фијат Цановски, Лилјана Поповска, Абдулади Вејсели, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Али Ахмети, Љубчо Георгиевски, Фазли Велиу, Агрон Буџаку и Теута Арифи, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точка 10 - Предлог за донесување на закон за водите.**

Пред да започнем со расправа по точката, има процедурална интервенција од Сафет Незири.

Повелете господине Незири.

**Сафет Незири:** Ви благодарам господине претседателе.

Јас имам процедурална забелешка. Според Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, мислам дека не е добра праксата, ние сме известени декла пленарните седници во Собранието на Република Македонија да почнат од 11,00 часот, а веќе стана пракса што не е во ред и се почнува со пленарните седници подоцна.

Ќе повторам уште еднаш, има пракса која не е добра дека обично пленарните седници ќе треба да почнат од 11,00 часот, а мнозинството од пратениците доаѓаме во 10 или во 10,30 часот за да бидеме присутни во комисиите и да се подготвиме за точките на пленарните седници кои ги има во дневниот ред. Јас би апелирал ако има можност во иднина, можеби нема некој претставник од Владата нас да ни се даде 15 минути или половина час пауза, навистина за да знаеме дека мнозинството од пратениците веќе доаѓаме навреме и чекаме да почнеме со пленарната седница. Добро е да знаеме да ни дадете една сугестија и таа да биде до парламентарното мнозинство и до вас, да бидеме присутни и да почнеме навреме да работиме со пленарните седници. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Сосема се придружувам на тоа и што можам од вашите предлози да направам, ќе направам. Но, за жал, кога ќе дојдам во 5 минути до 11 часот има 10 до 12 пратеници запишани. Прво, прашувам колку пратеници се запишани и тоа е така. Мислам дека два, три пати ова прашање го потегнавме и на координација и мислам дека ќе стане дежурно прашање на секоја координација, а еве веќе утре имаме координација. Така што се вложуваат напори колку што можеме, не сакам сега да спомнувам еретички работи, но мислам дека и деловнички треба да се заостри проблемот со присуство или не присуство и т.н., што од друга страна не е многу популарно меѓу нас пратениците. Пробелмот не е толку лесен како што изгледа навидум, но да се надеваме дека ќе го подобриме.

Повелете господине Најдовски со вашата интервенција.

**Слободан Најдовски:** Претседателе, пред да ми го мерите времето, мислам дека е најдобро и вие тоа да го кажете јавно. Она што се пишува денес во печатот дека пратениците незаконски земале дневници, од донесувањето на Одлуката на Уставниот суд пратениците не земаат дневници. Мислам, за да ја информираме јавноста и да се знае и пишува дека спротивно на Одлуката на Уставниот суд пратениците не земаат дневници. А, јас прашувам ако некој од Владата или од другите државни институции од Скопје ќе оди во Битола дали земаат дневница. Еве, јавно ги повикувам да кажат. Оној што доаѓа од Битола, Ресен или од Струмица нема право на дневница како пратеник, а кога некој од Владата или од другите државни институции ќе одат во Битола, ќе одат во Ресен или лично од Државниот завод за ревизија, дали кога инспекторот, ревизорот од Државниот завод за ревизија ќе оди во Битола или во Струмица три, четири или пет дена на работа да врши ревизија, дали зема дневници. А, пратениците за доаѓањето не земаат дневници, еве да знае македонската јавност. Иако, сметам дека е противзаконски на пратеник од Струмица или од Битола да не му плаќате дневница бидејќи повеќе од 12 саати е овде. Но, тоа е друга работа.

Сега, мојата процедурална забелешка, да не испадне дека надвор од она што го разговаравме со секретарот со кого денес разговаравме за моето барање од вчерашната седница, да се одржи седница на која што ќе се стави точката за комуналните такси односно за уличното осветление, за кое што Владата упорно кажува дека проблемот е во Паралментот. До толку повеќе што и синоќа на дневникот на Македонската телевизија, кој што повеќе не е дневник на Македонската телевизија, туку информатор на Владата на Република Македонија, новинарката Катерина Кежовска изнесе став дека граѓаните на Скопје ќе бидат вака без улично осветление, додека пратениците не го доенсат законот за комунални такси. Тоа е невидена лага. Јас ја молам Владата ако лаже, барем со усулнека лаже. Претседателе, барам од вас да дадете објаснвуање зошто не ја ставите таа точка на дневен ред. Таа не го решава прашањето на осветлувањето во Скопје, но ќе се

види дека пробелмот не е во пратениците. Молам, да дадете објаснување.

Второ, го повикувам министерот Трајко Славески да побара итност на точката за да ја ставиме веднаш на дневен ред. Од тоа ќе произлезе дека воопштоне се проблем пратениците, туку проблем се Никола Груевски, Трајко Славески и Трифун Костовски и нивната политичка игра, заради тоа што не го исполнија ветувањето од локалните избори. Трајко Славески е носителна листа на ВМРО-ДПМНЕ, Трифун Костовски кандидат за градоначалник, сега градоначалник и Никола Груевски лидер на партијата која што ги доби изборите. Јас упорно сакам во овој Паралмент да се отвори тоа прашање. Зошто гоизбегнувате, претседателе. Дали и вие сте во таа игра, за да им се сервира на граѓаните отстапување за она што сега со тој закон следи од 100% зголемување на таксата за уличното осветление и Владата да најде оправдување зошто толку ќе ја зголеми цената на уличното осветление. Мислам дека не треба пратениците да ги вовлекувате во оваа игра, вие сте најодговорен за работата на Собранието и деловнички таа можност постои. Во спротивно ќе излезе на виделина дека во играта на Груевски, Славески и Трифун Костовски, за да се избегне одговорноста за катастрофалното раководење во Скопје и заради зголемување на цените на уличното осветлување од 100%, кое што вие господо пратеници, со мнозинството ќе го донесете, ја создавате оваа слика во Скопје.

Ве молам, уште еднаш претседателе, побарајте од министерот Трајко Славески итност на таа точка, потоа точката повлечете ја, како што до сега сте правеле, од таа седница и ние сме подготвени веднаш за таа точка да разговараме и се надевам дека нема повеќе од еден работен ден да дискутираме за таа точка и тогаш ќе се види дека воопшто проблемот не е во пратениците, туку во играта. За жал, ако и вие се вклучувате, тогаш заедно со Груевски, Славески и Костовски сте во таа игра.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Проста е причината, јас го разгледав сестрано ова прашање, се работи за екстраполација на една точка која припаѓа на веќе утврден дневен ред и на веќе започната седница. Значи, таа екстраполација немам деловничко право да ја направам, затоа што точката е влезена во утврден, изгласан дневен ред. Можноста да се направи ова што вие го предлагате, сепак, постои деловнички, а тоа е предлагачот на точката да ја повлече, а потоа кога ќе ја повлече предлагачот точката и се направи екстраполацијата тогаш можеме да ја третираме како точка на дневен ред. Тоа е објаснувањето, а другите политички инсинуации на кои имате право, затоа што сме во Парламент и јас ги отфрлам. Немам никаква причина да учествувам во никакви игри и загоовори. Денес во Македонија се говори перманентно само за игри. Јас кога бев млад бев добар танчер, сега сум во тие години кога не можам да играм многу, така што не постои деловнички за процедурата која вие ја предлагате.

Сега, за збор се јави господин Есад Рахиќ, процедурално, повелете.

**Есад Рахиќ:** Претседателе, бидејки еве веќе една година сме заедно, а ве познавам и од порано, ве сметам за чесен човек и депласирано е после она што го кажува господинот Најдовски, јас да дискутирам на оваа тема. Меѓутоа, поминаа двеипол години од Резултати сега и Цело Скопје е ВМРО-ски град, тоа го тргам на страна. Градот е поизвалкан, нема светло, нема ништо, а знаеме дека на сметката на градот има пари. Она што мене ме боли, тоа ќе си го реши централната власт, со естрадно уметнички настроениот градоначалник и веројатно ќе најдат решение. Она што мене ме боли е што барам од вас и верувам во име на сите 120 пратеници да не заштитите, затоа што перманенто, дали од Владата, дали од средствата за јавно информриање, од поединци се напаѓа дигнитетот на овие пратеници. Во овие 120 луѓе има чесни и добри пратеници, чесни луѓе, чесни родители и да не одам понатаму, би ве замолил во тој сегмент и тука се придружувам на она што го кажа господинот Најдовски, би барал час поскоро да се најде модус таа точка да дојде на дневен ред и да и покажеме на македонската јавност односно на граѓаните на град Скопје дека проблемот со ова што се случува во главниот град Резултати сега, не е во пратениците и во желбата на овој Парламент да ја расчистат таа состојба.

Затоа, уште еднаш ќе ве замолам, бидејки сте прв меѓу еднаквите, бидејки сте нашиот лидер овде, спомнавте игри, вие сте императорот, ние сме гладијаторите во колосеумот, би ве замолил максимално со своите заложби да помогнете одредени работи кои што се прикачуваат на овие пратеници да бидат отстранети. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Она што јас го сумирам од печатот, што е доста непријатно и навистина оди на адреса на Парламентот, но она што може да се сумира како формула на тие реакции од медиумите е дека тој проблем е заглавен во процедурата на Парламентот. Таков е изразот, кој јас барем го примив. Објаснувањата мои на процедуралната интервенција на господинот Најдовски одат во тој правец. Меѓутоа, самото неплаќање на сметките, тоа е гола рутина,според мене. Постојат законски одредби кој треба да ги плати сметките и тоа не треба неплаќање на сметки да биде по секоја цена субјект на парламентарни расправи. Тоа е несериозно. Во ова држава има закони и тој што треба да плати, ќе плати. Тоа е моето објаснување.

Повелете господине Најдовски уште еднаш како мој битолчанец.

**Слободан Најдовски:** Претседателе воопшто немам намера било што да полемизираме, туку основната намера ми е да кажам дека деловнички имаме можност. Само ќе ве потсетам вие од една седница каде што беше закажана за Законот за рамномерен регионален развој, точката ја

повлековте на барање на Владата за итност, иако тогаш не беше исправно барањето на Владата. Тоа еднаш го нарпавивте. Сега, за наредната седница повторно го имате направено со повлекување на точката са аквакултура односно за заштита на флора и фауна и таа ја направивте, ја извлековте од таа седница. Ќе ве молам ова сватете го како молба, побарајте од министерот Трајко Славески, побарајте од премиерот Груевски, за да ја задоволите таа процедурална страна, иако тоа не е никаков проблем, но побарајте седницата да биде итна, денес сме спремни и јас во името на пратеничката група на ЛДП викажувам дека нема да дискутираме повеќе од 15 минути за таа точка. Сето тоа со цел да се види каде е пробелмот. Проблемот не е во пратениците.

Ги замолувам уредниците на Дневникот на Македонската радио-телевизија, после синоќешната изјава кој што повторно кажуваат дека пратениците се тие што го кочат решавањето на тој проблем. Нека не подлегнуваат на притисоците од Владата на таква инфорамција, затоа што еден ден ќе се срамат од една таква инфорамција, бидејки не е проблемот во пратениците.

Ќе завршам, проблемот е кај Груевски, Славески и Трифун Костовски. Парите на граѓаните се земени и се во Министерството за финансии и таму нека си го решаваат заедно сонивниот градоначалник кој што е од нивната партија односно тие го подржаа за градоначалник на Скопје. Вие рековте дека сме битолчани, можеби некои мои битолчани ќе забележат толку што инсистирам за Скопје. Не инсистирам за Скопје, инсистирам за граѓаните на Република Македонија и за пратениците, за вас овде 120 пратеници. Ќе повторам, доста сме боксерска вреќа, кој ќе стигне, а премиерот веќе не направи боксерска вреќа и нон стоп по пратениците мава. Благодарма.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Грковска, процедурално.

Уште госпоѓа Грковска, па потоа продолжуваме со точката на дневен ред.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе.

Јас сакам да се придружам и да го пдоржам господинот Најдовски во неговото барање, заради тоа што сметам дека е крајно неодговорно однесувањето на Владата, обврската и одговорностите кои што Владата ги има, во овој случај Министерството за финансии, господинот Трајко Славески, да се префрлаат на адреса на пратениците.

Тоа воопшто не е точно. И покрај барањето на господинот Најдовски, барам од вас да побарате информација од господинот Трајко Славески за ваквата ситуација, заради тоа што би требало да се знае кој ќе биде одговорен за сите можни негативни последици што можат да се случат за тој половина час додека нема струја, само заради тоа што постои тврдоглавост помеѓу господинот Трајко Славески како министер за финансии и градоначалникот на град Скопје господинот Трифун Костовски кои што не сакаат да си ги исполнуваат обврските за кои што се избрани. Најмалку се одговорни пратениците за ова. Затоа, ве молам, таа информација да ја побарате побрзо и во име на претседател на Собранието на Република Македонија да излезете јавно со ваша изјава, со ваш став и да ги заштитите пратениците и институцијата Собрание на Република Македонија од сите инсинуации што беа изнесени во последните неколку дена на адреса на Парламентот за што Парламентот нема никаква обврска. Впрочем, согласно Уставот и согласно Деловникот вие имате таква обврска да го штитите угледот на Собранието на Република Македонија и на секој пратеник.

**Љубиша Георгиевски:** Јас веќе и досега кажав јасно дека во оваа држава постои закон и тој што е должен, тој треба да го намири долгот и дека Парламентот воопшто не е должен на ЕВН по никаков услов. Според тоа, Парламентот не може да биде крив ни во сон.

Процедурално госпоѓа Куновска.

**Јагнула Куновска:** Господине претседател, сакав кратко само да кажам, треба да престанеме со оваа игра сега, колегите ги почитувам од опозицијата, но тенденцијата е нивна, не да се зачува образот на нас пратениците, туку да се извалка образот на Владата преку премиерот и министрите. И сега не беше доволно тоа што еднаш еден го кажа, па го повтори истиот, мислам дури и три пати, туку и сите други по ред како да сме деца. Мислам дека со тие процедурални работи треба да престанеме, а фактички тие се клеветења. Тоа сакав да кажам ништо друго.

**Љубиша Георгиевски:** Јас само што замолив за тоа.

**Рафис Алити:** Во врска со започнувањето на седниците, бидејќи парламентарната група ДУИ-ПДП неколку недели по ред бара најмалку вие како претседавач или претседател, како прв човек на овој законодавен дом да бидете во 11,00 часот во салата. И самата оваа дебата се развива, значи пред да се направи кворум за започнување со дневниот ред, бидејќи сме сведоци дека дел од пратениците доаѓаат на време, а еден дел не доаѓаат на време. Велам вие како претседавач доколку сте тука, тогаш ќе дадете можност на пратениците кои што се редовни барем да не доаѓаат, за џабе да доаѓаат, туку навистина да разговараат за овие теми и да им се даде мотив зошто доаѓаат на овие седници на време. Така што мислам дека ова ќе го вреднувате позитивно и во иднина ќе започнуваме со таквите теми во право време и потоа кога ќе дојдат тие кои ќе задоцнат да започне со дневен ред. Ви благодарам многу за разбирањето.

**Љубиша Георгиевски:** Веќе е прифатена вашата сугестија. Со задоволство веќе неколку пати сум во пет до единаесет овде, тогаш има само двајца. Не сакам да ги набројам, не знам дали ќе им биде пријатно, не сум ги прашал дали смеам да ги набројам, тука се, така и ќе продолжиме. Исто така, можам да ви ветам на сите дека на седници

кои се продолжение односно на кои не треба кворум ќе почнувам во 11,00 часот, макар и со двајца, да не ми се лутите затоа што овие интервенции се сосема на место.

Процедурално госпоѓа Силвана бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе,

Сосема накратко сакам да укажам дека недупустливо е Парламентот на Република Македонија да разговара за прашања кои што се однесуваат на локалната самоуправа, за тоа дали некој град, има осветлување, или нема осветлување. Имаме огромен број општини во Македонија кои што имаат проблеми со нивната ликвидност на нивните сметки и ако некој недомаќински се однесува, не е обврска на Парламентот да зборува денес за Скопје, бидејќи утре треба за Струмица, за Гостивар, за Тетово. Значи, локалната самоуправа треба да си ја преземе обврската и обврската треба да си ја носат оние кои што се одговорни. Парламентот со тоа нема никаква врска.

**Љубиша Георгиевски:** Не мислам на никој да скратам збор, не ми паѓа ниту на крај на памет. Меѓутоа само сакам да ви кажам дека вчера работевме прекрасно, усвоивме пет европски закони. Сега имаме 6 европски закони. Но, јас сакам уште еднаш да апелирам и да потсетам дека се договоривме на координација да не ги користиме процедуралните интервенции. Не велам дека денес сите беа такви, далеку од тоа. Процедуралната интервенција на господинот Најдовски беше процедурална, на господинот Рафис Алити исто, Незири исто итн. Но, се провлекува една нотка на полемика. Дајте полемиката да ја држиме за субјектот што е на дневен ред. Имаме за што да полемизираме.

**Слободан Најдовски:** Баш во насока на она што вие го рековте. Мојата забелешка беше чисто процедурална. И госпоѓо Бонева ќе ве замолам. Сега ќе ви кажам зошто ја повредивте процедурата. Јас барам во Парламентот да се расправа за закон кој што е овде кај нас во Парламентот, а не да расправаме за проблемот на уличното осветлување во Скопје. Ве молам, за тоа не барам. Јас барам за законот кој што е овде во Собранието. И ако вие не сакате, има закон. Тоа беше мојата процедурална забелешка. Да расправаме за законот.

Последниот процедурален предлог, ако Владата не сака да го предложи, 20 пратеници од парламентарното мнозинство можат сега веднаш да побараат итна седница и нека го стават тој закон на дневен ред. Но, нека го предложи Владата, бидејќи досега Владата си го предлагаше. Мојата забалешка е чисто процедурална претседателе и барам да се почитува Деловникот.

**Љубиша Георгиевски:** Сега сакам уште еднаш да ве предупредам дека ако се продолжат полемиките, а по професија сум експерт за тоа да разликувам што е полемика, што е реплика итн, ќе морам да дадам една пауза за да се оладат главите. А паузата македонскиот граѓанин го чини многу.

**Славица Грковска:** Претседателе, нема потреба од пауза. Сакам да реагирам заради тоа што сметам дека е сосема во согласност со процедурата нашето барање. Испорачување на јавна услуга на граѓаните воопшто не смее да биде доведено во прашање. И во ситуација кога општините не се способни да го извршат тоа, по принципот на субсидијарност централната власт ја има таа функција. Бидејќи ние ги бираме министрите, ја бираме Владата, бидејќи има очигледно недостаток на комуникација помеѓу министерот за финансии и градоначалникот на Скопје за што трпат граѓаните. Ние имаме право како пратеници да расправаме за одговорноста и за активностите на министерот за финансии заради тоа што ние како Парламент го бираме и тој треба да одговара пред Парламентот за постапките кои што ги прави.

**Азис Положани:** Мислам дека тоа што беше кажано е во ред, дека треба да се разгледуваат одредени состојби поврзани и со локалната самоуправа. Фактот што ние тука го отворивме е поради тоа што некој рече дека грешката е тука. И затоа ние моравме на овој начин да одговориме за да ја избегнеме конфузијата и да го решиме проблемот.

Второ, не е точно дека ние не треба да разговараме за проблеми кои што се поврзани со локална самоуправа, затоа што тие се обврски кои што произлегуваат од закони тука донесени и тоа за жал се вклопува и со нереализирање на втората фаза на децентрализација. Знам дека денеска тоа не можеме да го решиме, но веројатно ќе треба во некоја точка да предвидиме тука информација за степенот, начинот и нивото на реализација на втората фаза на децентрализација.

**Љубиша Георгиевски: Минуваме на точка 10 - Предлог за донесување на Закон за водите.**

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Има збор Соња Лепиткова, заменик министер за животна средина, повелете.

**Соња Лепиткова:** Благодарам претседателе. Досегашната нормативна основа за Законот за води ниту од далеку не може да се смета за модерен и сеопфатен систем кој што е компатибилен за имплементација на АКИ Комунитер во областа на водите. Имено, главните причини што се предлагаат за донесување на нов закон се следните: отсуство на интегриран пристап при регулирање на управувањето со водите што се согледува преку нормативното утврдување на условите и начините за користење на водите. А сосема маргинално постојат одредби за условите и стандардите за заштита на водите од загадување и контрола на загадувањето.

Неадекватната институционална поставеност на системот што резултира со судир на надлежности и како резултат на тоа несоодветен третман на водите како медиум на животната средина. Управувањето на водите не е во надлежност на еден орган, ниту е воспоставен систем на соработка меѓу надлежните органи. Така што институционалните аранжмани не дозволуваат и не овозможуваат во процесите на донесување на одлуките, планирањето, координирањето и имплементирањето на актите на национално и локално ниво да се реализираат кохерентно и сеопфатно управување со водните ресурси. Оваа слабост на недефенирани институционални надлежности резултира со недоволна заштита на водите и како ресурс и како медиум на животната средина. На водите во досегашното законодавство се гледа пред се како ресурс на искористување, а не како составен дел на животната средина што е едно од основните барања на рамковната директива на води на Европската унија. Во таа смисла постојната законска регулатива се заснова на поинаков систем на заштита кој далеку отстапува од постојниот европски модерен пристап на интегрирано управување на водите. Причина за донесување на овој закон е секако пред се стратешката цел на Република Македонија за интегрирање во Европската унија. Преку постигнување на ваквата цел е единствено возможно при исполнувањето на обврските кои Република Македонија произлегуваат по основ на статусот кандидат за членство во Европската унија. Имено, во областа на водите Европската унија сугерира побрзо донесување на законска регулатива која ќе обезбеди управување на водите согласно барањата и условите на релевантните директиви во оваа област и донесување на подзаконски акти кои ќе овозможат нивна имплементација. Предложениот систем на законот за води тргнува од ставот дека аспектите на користење на водите и аспектите на заштита на и од водите се суштински поврзани и истите не можат да се регулираат поодделно без да се води сметка за нивната меѓусебна поврзаност. Со Предлогот се промовира интегрираниот пристап при управување со водите што произлегува од потребата за реализација на преземените обврски од страна на Република Македонија во врска со хармонизација на националното законодавство со Законодавството на Европската унија и се внимава на исполнувањето на барањата содржани во Директивата на Европската унија. Предлогот на законот за водите е поставен како рамковен закон кој ги регулира основните принципи и начела за управување со водните ресурси, со цел да се воспостави една општа правна рамка за регулирање на областа на управување со водите, на интегриран и сеопфатен начин. Притоа управувањето со водите ги опфаќа сите мерки и активности за рационално и ефикасно користење на водите, одржливиот развој на водните ресурси, заштитата на водите и заштитата од штетното дејство на водите. Така материјата опфатена со законот се фокусира пред се врз три области и тоа: користење на водите, заштита на водите и контрола на загадување и заштита од штетно влијание на водите.

Предлогот на законот е замислен и структуиран како рамковен закон, ќе повторам уште еднаш кој ги содржи општите стандарди и принципи за начинот на кој водите ќе се управуваат во Република Македонија. За примената на овој текст е од значење и односот помеѓу оној со Законот за животна средина. Врз основа на горе наведеното и се она што е содржано во Предлог законот на води кој што треба да напоменам дека ќе биде донесен во две фази. Се надевам дека ќе дадете целосна поддршка за донесување на законот за води кој што ќе биде како таков донесен, а ние како Министерство сигурно ќе ги слушнеме сите дискусии и сите оние кои што ќе бидат во функција на подобрување на текстот, како такви ќе бидат прифатени и инкорпорирани во второто читање на законот.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор госпоѓа Фљора Кадриу.

**Фљора Кадриу:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Задоволство е на денешнава седница на дневен ред имаме Предлог за донесување на закон за водите кој водата не ја предвидува како ресурс кој може да се користи на непланиран начин и неограничен начин, туку ја предвидува како ресурс кој треба да се заштити. Истовремено ја предвидува како медиум за животната средина и идните генерации. За прв пат во нормативната пракса на Република Македонија се поднесува една законска норма која води сметка за аспектите на заштитата на водите, аспектот на користењето на водите, како и аспектот на заштитата од водите се поврзани прашања и истите не можат да се решат поодделно без да се води сметка за нивната взаемна тесна врска. Но, денес условите и начинот на употребата и користењето на водите се уредени на егзактен начин. Но, ниту еден случај, или подобро кажано на маргинален начин беа регулирани стандардите и вредностите за квалитетот на водите. Досегашните нормативи во еден значителен дел се нормативни од генерална општа природа без правни последици. Додека од друга страна одредени прашања, посебно тие од техничка природа се детални. Овој концепт се заснова на систем за заштита кој апстинира од модерниот интегриран пристап. Донесувањето на една законска рамка е во насока на исполнување на стратешката цел на Република Македонија и со интегрирањето во Европската унија со степенот, или да кажам до нивото на постигнување на наше полноправно членство. Овој закон за водите е рамковен закон кој ги уредува основните начела за управувањето на водните ресурси, пред се управувањето со водите ги опфаќа сите мерки и активности за рационално користење и ефикасно користење на водите, содржината на ресурсите на водите, заштитата на водите и заштитата од штетно влијание на водите. Предлог законот

предвидува и заштита на водите, подземните води, предвидува мерки за поврзани стандарди со нивната хемиска состојба, како и мерки за заштита на квантитетот на водите.

Тоа е посебно значајно кога во пракса се говори за учеството на пестицидите, биоциди и водните нитрати. Решавањето со овој закон е на основа на превенција. Постои генерална забрана за директно испуштање или подобро да кажам, непосредно испуштање на подземни води. Дефинитивно овој закон содржи мерки не само за санација туку и мерки за контрола на загадувањето што се создава од индустриските активности, или отпадните води од урбаните региони.

Со системот за примена на дозвола се воспоставува основа за паралелно менаџерство на водените ресурси во Република Македониа. За поздравување е што на крај овој закон дојде во Собранието на Република Македонија, бидејќи беше тема на долги расправи без решавање, во минатиот период. На крај Владата донесе правилна одлука, прашањето на водите да го стави во својата политика како дел од животната средина, а не само како ресурс за користење. Фактот дека во иднина со управувањето на водите ќе се занимава токму Министерството за животна средина и просторно планирање, ни дава надежи дека ќе се обезбеди добар баланс на разните интереси на користење на водите, а пред се нема да ја оштети животната средина. Убедена сум дека на овој начин ќе се обезбеди квалитетна вода за идните генерации. Исто така повеќе од убедена сум дека воспоставениот систем на овој начин ќе овозможи управување со водите во Република Македонија, како еден центар или така да кажам медиум на животната средина, што е компатибилна пракса на државите од Европската унија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Ќуркчиев, имате збор.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван заменик мнистер, претставници на Владата.

Многумина велат дека законот за води е најважниот закон што Министерството за животна средина и просторно планирање треба да го донесе во својот мандат, меѓутоа колку е важен гледаме и на денешнава седница, министерот дури и го нема на оваа седница. Во други земји за така важен закон за земјата и за нејзината иднина, дури и премиерот присуствува, но кај нас работите се поинакви.

Почитувани колеги, дозволете ми да цитирам дел од причините поради кои се предлага донесување на овој важен закон.

Предлагачот вели дека една од основните причини поради кои се предлага донесување на овој нов закон за предметната област е отсуство на интегриран пристап при регулирање на управувањето со водите, како и несоодветна и нефункционална поставеност на институционалната надлежност. Во превод, работите вака како што се поставени во Република Македонија, не чинат и треба да се уредат поинаку.

Постојниот Закон за води ги определува условите и начините за употреба и користење на водите и нивна алокација помеу различните корисници, заштитата од штетното влијание на водите и сосема маргинално, без конкретни стимулации за стандарди и вредности за квалитет или програма на мерки за подигнување на овие стандарди. Тоа го вели предлагачот.

Предлагачот понатаму вели дека управувањето со водите не е во надлежност на еден орган, ниту е воспоставен систем на соработка помеѓу надлежни органи, значи и после година дена од новата Влада немаме воспоставен систем на соработка помеѓу овие надлежни органи, добро е што тоа се признава и писмено, така што институционалните аранжмани не дозволуваат и не овозможуваат во процесите на донесување на одлуките, планирање, координирање, имплементирање на актите на национално и локално ниво, да се реализираат кохерентно и сеопфатно управувањето со водените ресурси и тн. Значи секој оној кој сака сериозно да даде забелешки на овој важен закон, при ова прво читање, има можност од првата па до последната страница. Имено, ако ги погледнете, тоа беше на почетокот кажано и последните два члена, ќе ми дозволите и тоа да го кажам, ќе видите колку е сериозен овој Предлог-закон.

Во членот 256 кој е претпоследен, инаку овој член важи за важење на постојните прописи, вели дека до отпочнување на примена на овој закон, работите поврзани со управување со водите ќе ги врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство односно Управата за водостопанство и тоа е во ред. Меѓутоа, во членот 256, тоа е последниот член вели - овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”. Значи во претходниот член се вели дека Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе ги тера работите онака како што ги тера, во последниот член се вели дека тоа не е точно, туку дека овој закон ќе важи осум дена по објавувањето во Службен весник и ќе се применува од 01.01.2008 година, освен одредбите од член 8 и Глава ИИ, точка 3 и Глава ЏИ. За оние кои немаат можност добро да го разгледаат овој закон, тоа е во делот на надлежностите, значи за воденото право и дозволите кои следуваат односно гледаме дека Управата и понатаму ќе издава дозволи по стар закон, што апсолутно се согласувам со сите оние кои велат дека нема никаква логика, но мислам дека, бидејќи е прво читање, сите овие забелешки предлагачот ќе има можност вистински да ги разгледа, да ги прифати и да ги примени во следната верзија на овој закон.

Почитувани колеги, во овој момент имаме Министерство во кое и во насловот свој има водостопанства, а тоа е Министерството за

земјоделство, шумарство и водостопанство, а тоа значи управување со водените ресурси преку своите управи односно Управата за водостопанство која Управа е надлежна и задолжена за управување со водите, Управата за хидрометеоролошки работи која е задолжена за мониторингот на водите во Република Македонија и една трета институција, а тоа е Фондот за води, задолжена за финансирањето во Република Македонија. Ако тука додадеме дека Министерството за економија е задолжено за подземните води, ќе видиме дека голем број на институции во Република Македонија егзистираат и работат независно и можеби со право директивите на Европската унија велат дека треба да имаме интегриран систем за овој дел и оваа дејност, особено кога знаеме дека Република Македонија е сиромашна земја со води. Ако пак го спомнеме и Министерството за транспорт и врски, задолжено за комуналната инфраструктура односно за водоводите и канализациите и Министерството за здравство кое врши контрола на квалитетот на водата за пиење. На крајот на ова набројување се јавува и Министерството за животна средина и просторно планирање кое е предлагач на законот, кое до сега немало допирна точка со оваа материја и кое вели дека има сектор за води, меѓутоа се прифаќа фактот дека нема ниту еден вработен во него. Мислам дека коментар апсолутно не е потребен. Инаку би било, едно зборуваме, второ пишуваме, а трето правиме.

Овој Предлог-закон јавно беше критикуван и од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство кој го дефинира овој Предлог на закон како доволно лош, кој треба да се повлече и да се даде една нова верзија. Но како и да е ние можеме да дискутираме само за предлогот што го имаме пред нас.

Почитувани колеги, ако водите се општо добро, ако носиме закон за води, треба ли да нагласиме дека во Република Македонија нема вода, или нема доволно. Треба ли да нагласиме дека Република Македонија е сиромашна и има сериозен недостиг на водени ресурси. Ако не ги изградиме браните ќе нема вода за некоја година, вода за пиење, како што нема вода во овие денови, слушаме и гледаме, во Пробиштип. Тоа ќе ни се случува во сите градови во Република Македонија. Не случајно европските директиви укажуваат и бараат управувањето со води може да функционира ако се командува од едно место, значи да имаме обединување и управување со водите. Заменик министерот се смее, бидејќи е од Пробиштип, а состојбата со водата за пиење таму навистина е алармантна и јас соучествувам со нејзе, да се изнајдат решенија за граѓаните од Пробиштип.

Во овој Предлог-закон сериозна закана за водите во Република Македонија, имаме. Ваков концепт и така како што е втемелено во овој Предлог на закон, мислам дека на сите треба да ни биде јасно дека во Република Македонија следните години ќе имаме сериозни проблеми во делот на водите.

Она што јас успеав да го забележам е дека за да функционира еден ваков систем, како што е предложен со законот, успеав да избројам, почитувани колеги, само 100 подзаконски акти кои треба да бидат донесени. Меѓутоа, мислам дека бројката е некаде 120 или 125. Значи ако имаме предлог-закон кој има 250 или 260 члена и ако треба да бидат донесени 125 подзаконски акти, мислам дека тоа кажува се и нема потреба од никаков коментар.

Да не должам многу, дозволете ми да укажам и на некои нлогичности кои можат да доведат до еден невиден или сеопшт хаос многу брзо, а особено би рекол можеби уште во јануари 2008 година.

Ако на почетокот спомнав што пишува во членот 259 дека до отпочнувањето на примена на овој закон работите ќе ги врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, односно Управата за водостопанство, а во член 60 се вели дека овој закон ќе се применува од 01.01.2008 година, јасно е дека се создава една правна рамка, една навистина голема, би рекол, празнина која ќе настапи на 01.01.2008 година и тогаш во Република Македонија јасно е дека ќе имаме нов закон, меѓутоа ќе функционираат два закони, Господ знае кој закон во суштина и ќе важи. Ќе дадам еден пример.

Во моментот, во Република Македонија се даваат на концесија хидроелектраните. Надлежно за тоа е Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, односно законот вели дека концесијата ја дава Владата на предлог на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Така требало да биде, или така треба да биде. Но, Министерството за економија има формирано Комисија, верифицирана од Владата на Република Македонија и таа ја спроведува постапката од тендер до доделување на концесија. Значи Министерството за економија кое е надлежно за одземните води во Република Македонија става веќе ред и во делот на хидроелектраните, а сите знаеме какви води се користат за хидроелектраните, утре можеби ќе стави ред и во браните, во водостопанствата, во водните заедници и тн.

Почитувани колеги, ако само браните ги разгледаме, без разлика какви се тие, дали се работи за брани за наводнување, брани за водоснабдување, брани за рибарство, брани за енергетика, апсолутно се во право сите оние кои ќе прашаат во чија надлежност се овие брани, а нема да добијат одговор ниту сега, ни после 01.01.2008 година.

Ако се погледне делот на концесии, а тоа е во членовите од 53 до 60, јавно прашувам дали може предлагачот да ми каже што ќе се случи и дали знае што ќе се случи ако останат овие предлог-решенија или овие членови и во втора фаза на овој закон, мислам на истите членови од 53 до 60. Имено, предлагачот веројатно од брзина да ги склопи или препишувајќи стар закон, не успеал да

види дека овие членови не важат и дека се променети. Тоа е сериозноста или приодот на законот за води, еден закон за кј велиме дека можеби е најважниот закон на Министерството за животна средина и просторно планирање. Но, дали ви годи или не или доцна увидел дека во тој дел има измени. Се надевам дека во втората фаза овие работи нема да се случуваат и дека ќе бидат изменети. Меѓутоа тоа само по себе кажува дека никој не може да претпостави кој ќе ги издава дозволите за црпење и испуштање на вода од 01.01.2008 година. Затоа велам ќе се случи хаос.

Да не должам многу, Секторот за води кој е формиран во Министерството за животна средина, за жал и заменикот министер на седница на Комисијата кажа дека нема ниту еден вработен, меѓутоа имаат намера дуди десетина луѓе да вработат таму, се разбира стручњаците од оваа област се толку многу во Република Македонија што одвај чекаа такво нешто, или ако земеме како се оди сега во Република Македонија, можеме да претпоставиме какви се луѓе можат да дојдат во тој сектор кој во иднина треба да управува со водите во Република Македонија.

Мислам дфека овој Предлог-закон се темели на погрешен концепт и дека предлагачот пред да го достави во собраниска процедра, морал да ги поправи барем основните грешки за кои овој закон или овој закон може да доведе во Република Македонија, во наредните години да имаме сеопшт хаос. Јас тврдам дека тоа ќе биде така ако не се променат барем некои работи во овој Предлог-закон. Имено сакал тоа некој да го разбере правилно или не, водите навистина, како што е напишано во Пртедлогот треба да се обединат и да бидат на едно место. Значи водите, без разлика за какви води станува збор, дали се работи за енергетика, за водоснабдување, за отпадни води, за наводнување, за одводнување, за подземни води и тн., сите овие мора да бидат во едно министерство, а не во различни, пред се заради минималната контрола во управувањето во делот на водените ресурси и се разбира во интерес на одржливиот развој во Република Македонија.

Ако не, ќе ни се случи ова што го имаме денес, а тоа значи дека како што ќе дојде секоја Влада, ќе вели дека ги чисти каналие, дека од таму почнува, дека прави се за земјоделството, а во суштина било каде да одите ќе видите што се случува во полето по земјоделските површини. Земјоделците со мотики еден со друг се нафрлаат од немање вода и од тие чисти канали итн.

За лошите хидросистеми нема збор и за лошите брани, кои што многу брзо можат да бидат небезбедни, а тоа мора да биде опфатено со овој закон, а за подземните води кои и како можат да бидат загадени се разбира, ќе зборувам во втората фаза на овој закон, бидејќи кажав дека не го почитувам предлогот кој што е даден.

Втората работа која што мора да биде изменета, која што европските директиви бараат, а тоа е дека мора да постои институција. Тие не велат која, значи, ЕУ, Европската комисија, не вели која институција, туку вели таа институција мора да биде самостојна, таа институција мора да може да планира, управува и се разбира, да собира финансиски средства и истите да ги реинвестира во водоснабдувањето во Република Македонија.

Значи, поедноставно кажано, да се има единствен систем на управување, а не вака како што е предложено и како со подзаконските акти некој мисли дека може да се регулира. Не може и не смее Управата за животна средина да има сектор за води, без ниеден вработен и Управата за води, и Управата за животна средина да има мал сектор за сето ова. Ве молам, можно ли е тоа. И вие сами знаете дека тоа е нонсенс. Се разбира, има уште една дубиоза овој закон, а тоа е дека од 1.01. 2010 година мора да се смени Законот за државна управа, во спротивно, лесно може да се оспори овој Предлог закон пред Уставен суд и тој да биде вон функција. Значи, едноставно кажано, во Законот не стои кој ќе управува со водите во Република Македонија.

Бидејќи Република Македонија, почитувани колеги нема национална програма, односно национална стратегија за води, има водостопанска основа. Значи, водостопанска основа за водниот потенцијал во Република Македонија, ако не беше 1978 година, нормално е, да очекуваме, додека влеземе во ЕУ, треба да се инвестира најмногу во инфраструктурата. Едноставно, заради создавање и генерирање на вода и тоа е единствен спас за Република Македонија, поинаку ќе имаме сериозни проблеми, а кога ќе бидеме дел од ЕУ, тогаш ќе градиме голем број на прочистителни станици, бидејќи тие се разбира се привилегија на богатите. Да не спомнувам примери во Република Македонија каде што прочистителните станици, еве, земете го само примерот со Македонски Брод, не можат да функционираат, иако се изградени и таму нема сструја како во Скопје, добро, ова се совпаѓа, сега година дена од Владата, или од изборите, Скопје ќе осамне, или ќе биде во мрак. Меѓутоа, ако сериозно зборуваме за прочистиелна станица која мора да ја има Скопје, и ако таа чини стотина милиони евра, за тие 100 милиони евра, се надевам дека надлежната управа, односно сектор, ќе и нареди на Владата, на Министерството итн., да се изгради и Коњска брана и Бучим и тоа е во Демир Хисарско, кои што и двете нема да чинат повеќе од 100 милиони евра и тоа ќе биде националниот интерес на Република Македонија. Со луѓето кои за месец, два или три ќе бидат примени десетина на работа во Министерството за животна средина и просторно планирање, еве еден предлог за Коњска Брана и за Браната Бучим, да бидат приоритет број 1, или навистина претставува национален интерес, инаку, јасно е дека Владата овие година дена и онаму каде што беа започнати браните, инаку јас доаѓам од Гевгелија, имавме

започнато брана Санандар, која што ја почна Владата на СДСМ, меѓутоа, токму за тоа, што СДСМ ја започнала таа брана, Владата на ВМРО ДПМНЕ ја прекина. И сега би сакал било кој од вас претставниците на Владата да одите во Гевгелија и да видите што се случува во гевгелиското поле, и што значи таа брана. За минимални средства да беше доизградена. Но, штетите немаат крај, се надевам дека ако дојде ред да дискутираме за втората фаза на овој закон, дека ќе биде многу подобар и многу поинаков од ова што го имаме денеска, бидејќи одговорно тврдам, со еден ваков пристап, мислам дека Република Македонија не за некоја година, туку многу брзо ќе биде во ситуација да бара помош од страна, за ставање ред во водните ресурси на Република Македонија.

И на крајот, почитуван заменик министер, не е доволно да се стави на веб сајтот дека овој е нов веб сајт на Министерството. Ако веќе предлагате еден ваков закон, тој сектор за води требало да го опремите онака како што треба.

Се надевам сите овие забелешки ќе ги разберете добро намерно и дека во иднина, односно за некој месец во втората фаза сите овие забелешки и грешки нема да се повторат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Незири повелете, имате збор.

**Сафет Незири:** Благодарам господине претседател.

Почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Гледајќи голем број закони кои ни се поредени како приоритетни закони, кои што под амблемот на ЕУ, голем дел од овие закони иако по вокација не сум правник, многу помалку припаѓаат на оваа бранша на животна средина. Тие се еден вид на опишување на голем број закони, кои што се однесуваат на регионот. Тоа се законите од Словенија, Хрватска, членки на ЕУ, но, не сакајќи да ги имам предвид условите и околностите каде што живееме и дејствуваме, значи, како прво, секое министерство и секој изготвувач на некој закон треба да ги има предвид околностите, економските услови и останатите услови, но и политички, социјални на граѓаните и целовитоста, географската содржина на Република Македонија.

Гледајќи од еден поинаков агол, читајќи го овој закон, многу е добро што оди во две фази. Врз основа на она што оди во две фази се прифаќаат сугестиите, се прават измени, поправки, кои што ќе бидат во полза на овој закон да биде подобар.

На прв поглед би рекол, врз основа на територијата, врз основа на потенцијалот, водите што ги имаме се гледа дека станува збор за закон, кој што само не нуди мед и млеко. Но реалноста од друга страна, тешкотиите со кои се соочуваат граѓаните на Република Македонија, пред се, недостатокот на вода за пиење, недостаток на вода за наводнување, во текот на зимскиот период, значи излегувањето на површината на одпадните води, кој што е еден од главните проблеми, со кои што треба непосредно да се занимава Министерството за животна средина и просторно планирање. Но механизмите до сега, ниту еднаш не покажаа, или многу малку покажаа позитивни резултати во таа насока. Во таа насока се поставува прашањето овој закон што се предлага дали Ќе има механизми, форми, методологија, како претставниците на ова Министерство ќе можат да го применат законот во пракса во целина. Само по себе овој закон треба да биде прифатлив пред претставниците на ЕУ, дека имаме закон кој што одговара на барањата, на правната нормативa на ЕУ и тн.

Јас тука забележувам три елементи, три главни компоненти што ги има овој закон, пред се, за користењето на водите, заштитата на водите и контролата на загадување на водите итн.

Кога го анализирам законот и кога ги споредов министерствата кои што на директен или индиректен начин се занимаваат со водите, како што е вашето Министерство, потоа Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за транспорт и врски, пред малку беше спомнато и Министерството за економија, сега само по себе забележувам дека во овој закон предложен не се добро дефинирани соодносите меѓу овие три, или евентуално четири министерства, посебно во правец на управување, на економизирање, во правец на управување со водите. Иако тука се спомнува дека се во надлежност на Министерството за транспорт и врски, посебно делот на водовод, каде што спомнува дека приоритет е граѓанинот да има чиста вода за пиење, а од друга страна доколку одиме на релација Министерство за транспорт и врски, Министерството може да се оправда, дека немаме финансиски можности да го примениме Законот во пракса, за да му донесеме до граѓанинот, кој што гравитира до Градот Скопје, за да му понудиме квалитетна вода за пиење.

Се поставува прашањето, кои ќе бидат соодносите меѓу Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за транспорт и врски кои што треба да му понудсат квалитетна вода за пиење. Министерството за животна средина ќе биде во конфликт или во судир со Министерството за транспорт и врски, зошто не го овозможува тоа.

Врз основа на овој закон, овде е се во ред. Да земам конкретен пример од изборната единица 2, населено место Арачиново, не како општина, туку како населено место, живеат над 11 илјади жители. Над 1200 куќи. Над 2800 ученици, во основното училиште во Арачиново. 21 век. Освен одлуката на Инспекторатот за екологија и здравство, не ме фаќајте за збор, донесе одлука, каде што се забранува на граѓаните на Арачиново да консумираат вода од бунарите. Им се забранува на учениците на Основното училиште Скендербег во Арачиново да пијат вода што постои таму. Кој ќе биде соодносот. Дали ќе се регулира со овие закони приоритетите на

водоводот за граѓаните, на водата за пиење, да се оддели од сите други приоритети, кои се предвидени со овој закон. Како приоритет е користење на вода за пиење, за наводнување. Тие приоритети се набројуваат и воопшто да се издели примарниот приоритет за кој што има обврска Министерството и Владата да им обезбедат на луѓето квалитетна вода за пиење, а не загадена вода за пиење. Да го земам примерот на Арачиново. Имаме пример и на селото Орланци. Навистина, за жал е да се оди таму лулѓето кои гравитираат до градот Скопје, немаат квалитетна вода за пиење. Ниту еднаш во овие закони што се нудат не се предвидува на пример, Министерството за животна средина и просторно планирање има за задача во населените места каде што нема вода за пиење, има недостаток од квалитетна вода за пиење, треба да се овозможи примарно да биде ова прашање. Дали ќе биде во однос на Министерството за транспорт и врски, дали ќе биде во однос на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, тоа е сосема илеревантно. Но, затоа на почетокот реков дека овој предложен закон од еден друг аспект се гледа дека е се во ред, мед и млеко, Македонија е повеќе од Европска држава, ние треба да ги гледаме околностите  малку поинаку. Селото Груж, дали тие жители живеат во некоја африканска држава во 17 илли во 18 век. Зборувам за квалитетот на вода за пиење, не зборувам за економски, социјални, и земјоделски прашања итн. Пример е населбата Хасанбег во Синѓилиќ, кој што е дел од општина Гази Баба. Општина Гази Баба е урбана општина на градот Скопје. 21 век. Каналот поминува во средината на селото. Еколошката состојба е катастрофална. Не се преземени мерки и со претходниот закон во 1998 година. Не ги оправдувам активностите на претходната власт а да ја напаѓам оваа власт. Туку тоа е еден континуитет од 1990 година па до денес. Не се преземени мерки во таа насока и затоа се плашам, само да донесеме еден закон во согласност со законите на ЕУ, а да не можеме да ги примениме овие закони.

Во однос на децентрализацијата, стана збор и за тоа прашање. Многу добро се знае дека со децентрализацијата на власта во Република Македонија, се предвидува за животната средина да се грижи општината, локалната самоуправа. Но сега се забележува на пример, дека водите, загадените води, за нив ќе се грижи централната власт, односно Министерството. Тие води минуваат низ општините. Каде е улогата во овој случај на општините со управување со водите, со економизирање на водите и со одржување на водите. Се забележува најголем број на прашања предвидени со овој закон, се забележува дека директно се управуваат од Министерството за животна средина и просторно планирање. Вие многу подобро го знаете овој закон и од правен, и од технички аспект и го образложивте. Но како и да е, тие се главните елементи, главните забелешки. Верувајте, без забелешки и сугестии во правец на подобрување на текстот, не се прават забелешки во конотација со една друга позадина, туку станува навистина збор, овие населени места кои што ги спомнав, да не заборавиме, често пати тоа го спомнував и на комисиите, не бевте вие тогаш, беше една друга претставничка од вашето Министерство, секогаш се спомнува на овие комисии општината Липково во целина. Како приоритет се спомнува водата за пиење. Општина Липково има две брани. Самите граѓани, за жал, не можат да ја користат својата вода за пиење. Пијат вода од бунари. Да ја имаш при себе својата вода, таа вода ја користи Куманово. Јас не сум против да ја користат граѓаните. Според последните информации што ги имам, граѓаните на Куманово оваа вода ја користат и за наводнување, за освежување и се намали притисокот на квалитетната вода за пиење. Се поставува прашањето, дали може да се дојде до судир меѓу Министерството за транспорт и врски со други министерства и со вашето за обезбедување на квалитетна, чиста еколошка вода за граѓаните на Липково. Треба да се води сметка за тие граѓани.

Можеби ќе дојдете во судир со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството користи вода за наводнување, а не дозволува користење на таа вода за пиење.

Тоа се главнит екомпоненти, главните елементи, главните забелешки, главните сугестии во правец за подобрување на овој закон, но кога ќе дојде втората фаза уште еднаш ќе го анализираме и до колку има потреба ќе интервенираме со амандмани. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За збор се јави заменикот министер за животна средина.

**Соња Лепиткова:** Токму затоа се носи новиот Предлог на закон за води, кој што во рамковната директива за води основно и клучно за водите ќе биде водоснабдувањето на населението со чиста вода за пиење. Сите тие елементи се инкорпорирани уште од почетокот до крајот на законот и преовладуваат, така да тоа е сосема во ред, во насока на вашата дискусија што значи дека ја постигнало целта она размислување кое што е европско размислување. Тоа е дека водата за пиење е основна компонента на овој закон. Таа е водечка смисла и тоа се новите нормативи и директиви во Европската унија и токму поради тоа животната средина, чистата вода за пиење е неделив дел и тоа е она што го содржи овој закон.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Благодарам.

Почитуван господине претседателе, почитувани коелги пратеници, почитуван господин заменик министер, претставници на Владата.

Овој закон за водите е во прва фаза и е добро што е во прва фаза има една добра особина што конечно во Република Македонија ќе се донесе закон за води. Меѓутоа, од првото читање имаме и доста забелешки, доста недостатоци кои се надевам дека во иднина сите овие наши

забелешки ќе бидат земени предвид од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање, бидејки само на таков начин можеме да дојдеме до подобрување на законот во целост ина таков начин можеме да дојдеме и до правилно имплементирање на законот, бидејки се ќе ни биде паднато во вода до колку немаме добра импелментација на законот за води.

Првата и основна работе која што треба да се направи е тоа што во законот најпрво требало да се стави под ингеренција на едно минситерство односно под ингиренција на Министерството за животна средина и просторно планирање, сите надлежни институции кои што денеска се занимаваат со ресурсот вода. Тргнувајки од Управата за водостопанство, Фондот за води, Заводот за здравствена заштита околу контролата на квлаитетот на водата за пиење, па се до наводнувањето во земјоделието односно хидросистемите во Република Македонија. Зошто го мислам ова? Затоа што, до колку овој закон биде донесен во Собранието на Република Македонија ние ќе имаме една дисхармонија односно ќе имаме надлежност на повеќе министерства, а главниот товар при донесувањето на овој закон ќе биде во надлежност на Министерството за животна средина и просторно планирање. Меѓутоа, сметам дека тоа ќе го направите се со една единствена цел да се има една контрола на водите во Република Македонија.

Меѓутоа, проблемот околу водите во Република Македонија е од поголемо значење со загадувањето. Ние во Република Македонија знаеме дека пречистителни станици на поголемите градови нема. Реципиентот на отпадната вода се испушта по реките на Република Македонија. Загаденоста на реките во летните периоди доаѓа и до некоја повисока категорија, не сакам да шпекулирам, меѓутоа загаденоста очигледно е на високо ниво. Како ние ќе имаме дозволи за испуштање на отпадни води, според член 79 од Законот за води е ставено “дозвола за испуштање на води”, Министерството за животна средина и просторно планирање, односно органот кој што ќе управува ќе издава дозволи, а знаеме дека ни еден град во Република Македонија нема пречистителна станица. Значи рецепиентите од отпадните води ќе бидат испуштани дирекно во реките на Република Македонија и од тие реки некој ќе зема вода за наводнување бидејки ќе имаме загадување на почвите во Република Македонија. Меѓутоа читајки го законот има еден проблем кој што пред неколку години се јави во Република Македонија а тоа е со хидројаловиштата во Република Македонија.

Во овој закон за води никаде не се ставени хидројаловиштата. Хидројаловиштата до сега беа во надлежност на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Управа за водостопанство. Сметам дека и за мене беше неприродно хидројаловиштата да се наоѓаат под ингеренции на Управата за водостопанство, меѓутоа така предвидува законот и така ќе биде. Но, сметам дека требало во овој закон да се внесат и хидројаловиштата како потенцијални загадувачи на водите во Република Македонија.

Проблемот околу стопанисувањето со водите и околу концесиите со води мислам дека ќе биде еден од најмалите проблеми кои што ќе се јават во овој закон и околу неговата имплементација. Зошто тоа го мислам. Затоа што секако приоритет има водоснабдувањето на населението во Република Македонија, а потоа идат сите други активности кои што се предвидени со водните ресурси во Република Македонија. Меѓутоа, дали предлагачот на овој закон има предвидено водните загуби според овој закон кои што се јавуваат при конзумната вода. Тие загуби секаде во Република Македонија, во секое јавно претпријатие се повеќе од 50 до 60%. Знаеме дека водата ќе биде еден од стратешките цели во иднина во светот. Денес се водат војни за нафтени полиња, во иднина ќе се водат војни за водните извори. Меѓутоа, надлежностите кои што ги има околу загубите на питката вода сега потпаѓаат под ингиренции на Министерството за транспорт и врски. Значи, имаме една рашомонијада од институции кои што треба да се грижат за подобрување на водоснабдителниот систем, а кога ќеземеме дека загубите ги контролира Минситерството за транспорт и врски, контролата на квалитетот на водата за пиење ја има Министерството за здравство, а ингиренциите на законот се во Министерството за животна средина и просторно планирање. Мислам дека не кореспондираат едни со други.

Езерските води, и во претходниот период, а и во иднина сметам дека езерските води ќе бидат главниот проблем околу квалитетот на водите и околу заштитата на флората и фауната во тие води. Најнапред водите ги користеа Министерството за транспорт и врски, имаше надлежност накрајбрежјето, па локалната самоуоуправа имаше ингеренции, водите беа во некое друго министерство. Мислам дека треба да стои во законот дека покрај водата регулирајте го и кој ќе стопанисува со крајбрежјето, затоа што водата како вода не може да биде загадена сама по себе во Охридското езеро, Преспанското езеро или во Дојранското езеро. Водата се загадува од крајбрежјето. До колку ние не го заштитиме крајбрежјето на Охридското езеро, верувајте дкеа Охридското езеро ќе го изгуби статусот на град на УНРСКО. Меѓутоа, пак ќе се наваратм на почетокот.

Добро е тоа што имаме закон за води. Сметам дека е направен еден чекор понапред и дека тој чекор треба да продолжи и во иднина, меѓутоа треба и да ги согледате нашите забелешки кои што ги искажуваме и од собраниската говорница. Сметам дека во втората фаза ќе имаме и јавни трибини, расправи. Тие трибини и расправи да бидат транспарентни како што биле и до сега, не е лошо да бидат поканети и луѓе од други министерства,не само од Министерството за

животна средина и просторно планирање, бидејки сега некој мисли дека ги зема надлежностите од едно минситерство да ги пренесе на друго минситерство. Надлежностите не се преземаат, се преземаат само обврските. Што повеќе наделжности толку повеќе обврски, меѓутоа сметам дека во оваа фаза е добро што Република Македонија усогласува дел околу водите со Законот на европската легислатива, меѓутоа има доста пропусти, што сметам сигурно дека ќе бидат од ваша страна евидентирани и во втората фаза ќе бидат земени во предвид. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор пратеникот Љубисав Иванов Ѕинго.

**Љубисав Иванов Ѕинго:** Господине претседателе, благодарм што ми дадовте збор.

Имаме закон кој што треба да третира една од најважните работи не само во нашата земја тукуи во светот, а тоа е водата. Водата значи живот, водата значи опстанок на човечанството, водата значи напредок, егзистенција, водата значи се. Добро е што оваа Влада прави напори ова прашање некако подобро да го уреди отколку што беше до сега. Морам да кажам дека за мојот животен век се донесени голем број на закони и секој закон кога се предлагаше се зборуваше дека е современ закон, дека е светски закон. Еве 1990 година донесовме неколку закони па зборувавме дека се усогласени со Европската унија, дека се модерни закони, еве и сега се вели дека носиме закон во кој што се вградени директивите на Европската унија и т.н. Морам да викажам дека до сега ни еден закон не беше успешен. Ние во оваа област успеавме да имаме страшни промашаи, крупни промашаи,огромни материјални последици. Последици и од аспект на здравјето на луѓето, воопшто на животната средина, егзистенцијата и по човекот и по животните и по растенијата и т.н.

Пробелмот е многу сложен. Гледам пратениците не покажуваат некој посебен интерес за овој проблем, а практично нема општина, нема куќа, нема населено место, нема фабрика, нема индустрија које не е соочено со огромните проблеми врзани со водата. Бидејки тие проблеми во годините кои што изминаа не се решаваат соодветно ние имаме крупни последици во правците на овие што зборував и во правец на загадувањето на нашата територија. Според тоа било какви ексеприменти, било какви борби за надлежност, без оглед дали е тоа Министерството, најпогодното, било тоа да е Министерството за животна средина и просторно планирање, или Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, или некое друго се многу опасни методи кои повторно можат да не повлечат во крупни проблеми. Тоа предизвикува и огромна одговорност и на Владата и на министерствата. Светот го сватил овој проблем многу сериозно. Многу сериозно затоа што питките води, слаатките води претставуваат неколку проценти и тие веќе значат повеќе од 2%. Секоја држава што држи до себе тие водени ресурси настојува максимално да гисочива и максимално да ги обезбеди во корист на поколенијата што доаѓаат. Ние имаме и нови состојби, приватизацијата која што ја зафати земјата бара и нови регулирања на односите внатре во државата. Ние имаме сега случаи кога ќе градиме 400 приватни хидроелектрани. Ние имаме состојба кога многу од постојните хидроелектрани можеби ќе се приватизираат, ние имаме состојба ког ацелокупното земјиште се пренсува во приватна сопственост, ние имаме состојба кога нашите градови сериозно се среќаваат со пробелмот со водоснабдувањето. Ние имаме проблем во чистотата на водата и водата која што доаѓа за пиење, водата која што ја испуштаме во реките, ние имаме проблеми и ќе имаме проблеми од заштитата на водата. Во тој правец мора нашето Минситерство и Владата да ги користиискуствата кои што ги имаат соседните земји посебно во правец на речните сливови. На пример искувтвото што го имаШе Бугарија со речниот слив на Струма, тоа се одговорни работи. Тоа не треба да настанува трка за надлежности, туку то амора да стане место за одговорнсот на она што го чиниме во тие речнисливови и проблемите кои што можеме да ги имаме со соседите. Според тоа имајќија во предвид огромната важност на оваа проблематика ние мораме да го решиме прашањето на раководење и управување со водите. Ммораме да го решимепрашањетона користењетона водите. Мораме да го решиме прашањето на заштитата на водите. Тоа мора прецизно да се разреши. Не може да се раководи со една ваква огромна проблематика со 10 страници. Народот има една поговорка “многу бабици детето килаво”. Ние мораме да го искористиме и досегашното исксутво на крупните промашаи во раководењето и управувањето со водите.

Според тоа оваа проблематика бара доработка, поголеми студии, поголеми анализи, вклучување на науката, користење на светското искуство. Ние многу лесто приоѓаме на овие проблеми препишувајќи одредени закони кои не се соодветни на нашата територија и на нашите можности и тогаш со нивната примена запаѓаме во големи проблеми. Од тоа имаме големи последици. Кога ќе се разбудиме и кога ќе видиме дека сме направиле многу грешки, тогаш отстранувањето на последиците се многу тешки, многу чинат, а често пати е невозможно да се отстранат.

Според тоа, на проблемот на раководење, управување, командување итн, сериозно треба да се пристапи затоа што утре ќе имаме големи проблеми со приватните хидроелектрани. Дали може да ја користи хидроелектраната кога сака? Неговата основна цел е да произведува електрична енергија, да ја продава на пазарот и да го враќа капиталот што го вложува.

Понатаму, дали таа вода од тие хидроелектрани, под кои услови ќе се испушта, под кои услови ќе се користи, кој ќе ги собира средствата, кој ќе го создава профитот, кој ќе ги вложува парите во

одржувањето на системите итн. Сето тоа мора јасно, гласно, конкретно да се внесе во овој закон инаку тоа што ќе се донесат стотици и не знам колку подзаконски акти тоа ништо не значи, практиката покажува дека тие се носат по 3-4 години, а за тоа време законот сам за себе застарува и бара нов закон или дополнување на законот итн.

Јас би предложил Владата да размисли тоа раководење, управување, користење на водите да се концентрира на едно место и точно да се назначат надлежностите.

Исто така Министерството за животна средина и просторно планирање да подготви посебен закон за заштита на водите и да го предложи на овој Парламент, кој ќе ги натера сите учесници во користењето, во експлоатацијата на водата да се однесуваат законито за да не се создаваат проблеми какви што досега имавме како големи и значајни.

За овој закон може да се зборува многу, но имаше предлог дискусиите да траат пократко на Министерството кое го носи овој закон сериозно треба во втората фаза да направи многу покрупни измени и да понуди решенија кои произлегуваат од праксата, од животот, од логиката, од примената итн. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор Катерина Димеска, повелете.

**Катерина Димеска:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер.

Целта на моево денешно излагање е да ја искажам мојата поддршка и пофалба за Предлогот на овој законски проект чие донесување, поради недостаток на политичка волја од страв за имплементација на современи системи во изминатиот период, беше заобиколуван без некој значаен основ.

Дека во областа на водостопанството не цветаат рози на сите ни е добро познато, недостаток на вода за пиење во определени региони, поплави, уништување на земјоделско стопанство, запуштање на иригациони системи како последица на несоодветни реформи на водостопанските претпријатија, загадување на водите и истребување на значајни ендемски водни видови кои се карактеристика за нашите природни езера, армија невработени високо образовани стручни кадри од областа на управување со водите кои во процесот на транзиција остануваат неискористени. Неплаќањето на потрошената вода и немањето средства за покривање на основните трошоци за водостопаството, сето ова, почитувани колеги пратеници, е последица и тоа:

Прво, отсуство на севкупна национална стратегија и недостаток на законска рамка за управување со водите, неадекватна и нефункционална поставеност на институционалната надлежност, а потоа и недоволна и несоодветна имплементација на значајни законски одредби.

Предлогот, почитувани колеги пратеници, кој стои пред нас, нуди јасна диференцијација на надлежностите за управување со водите. Предлогот јасно ги дефинира, од една страна, органите надлежни за донесување на стратешки и долгорочни плански инструменти за креирање на национална политика и надлежни органи за имплементација на вака утврдени насоки и нивна меѓусебна соработка од друга страна. На крај истите да ги одвои од корисниците на вода при би се надминал судирот на интереси на овие различни нивоа на донесување на одлуки.

На овој начин досегашното преклопување на надлежностите, некоординираниот и недостатокот на контролирани системи, како и последица на тоа несоодветно управување со водениот ресурс ќе се надмине во голема мерка, така што ова е природен ресурс кој во голема количина ни стои на располагање, соодветно ќе се користи и контролирано придонесувајќи кон целокупниот развој на стопанството и економските процеси во Република Македонија.

За прв пат во историјата на нормативната материја на управување со водите се планира донесување на национална стратегија за води. Со истата се определува долгорочна политика за управување со водите. Ова треба да обезбеди одржлив развој преку задоволување на потребите на сите корисници на водата, рационално и економско користење на ресурсите кое опфаќа заштита на водите од загадување и контрола на загадувањето не само на водното тело, туку и на крајбрежјето на водотекот.

Почитувани пратеници, за поздравување е што за прв пат Собранието на Република Македонија се вклучува во донесување на еден вака значаен документ за развој на државата во целост. Овој документ не е замена за водостопанската основа која добива нова погенерална димензија.

Во пракса значењето на постојната водостопанска основа за Република Македонија се дерогира што 30 години се работи со податоци прибрани за време на стариот систем пред осамостојувањето на Република Македонија.

Во вакви услови иако значаен, овој документ не би можел да се смета за соодветна основа за управување со водите во национално ниво.

Уште позначајна новина е што со Предлогот се предвидува изработка на план за управување на секое подрачје на речниот слив поодделно. Значењето се однесува на природните разлики на сливовите и потребата од имплементација на различни мерки кои се соодветни за карактеристиките на конкретниот слив.

Предложениот систем е компатибилен со единствениот систем за управување со води аплициран во современите европски општества. Логично е дека најдобриот момент за управување со водите е управување на подрачјето на база на речен слив, природна географска и хидролошка единица која ги опфаќа подземните и површинските води наместо управување на база на административни и политички подрачја.

Плановите за управување со подрачјата од речниот слив утврдени со Предлогот се замислени како баланс на интересите на државата и потребата за заштита на јавниот интерес, интересите на приватните лица, одделни корисници на вода, баланс помеѓу интересите кои ги штитат некои органи на државната управа и меѓусебно во односите на единиците на локалната самоуправа и на крај баланс помеѓу потребите на различните корисници на вода.

Она што е уште позначајно е дека планираниот документ се донесува и ажурира на секои 6 години врз основа на реални и точни параметри до кои е дојдено преку проценка на карактеристиките на сливот и значајните притисоци, постоењето на заштитните зони вклучувајќи економска аналица и во зависност од истите ќе се пристапи кон планска заштита и користење на ресурсот и кон заштита на штетното дејство на водите.

Како заклучок почитувани колеги, Предлогот за донесување на законот за води е соодветна нормативна основа хармонизирана со барањата на Европската унија и истиот ги пренесува современите иницијативи кои се покажале како применливи во областа на управувањето со водите.

Целта е да се има соодветна национална политика за потребните количини и квалитетот на водата, за алокацијата на водата до различните корисници како и за квалитетот на водата како медиум за животната средина.

Почитувани колеги пратеници, доаѓам од општина Прилеп, доаѓам од Јавното комунално претпријатие “Водовод и канализација” и лично ги имам почувствувано проблемите околу снабдувањето на општината со вода за пиење на граѓаните и сакам овде од оваа говорница јасно да искажам една благодарност за поддршката која Владата ја даде околу реализацијата на проектот кој е како грант од КФС Банката за санација на водоводната мрежа во нашата општина и се надевам дека општината Прилеп и граѓаните на општината Прилеп во наредниот период нема повеќе да го имаат проблемот околу снабдувањето со вода.

На крајот почитувани колеги пратеници сакам да ја искажам мојата убеденост дека Министерството за животна средина и просторно планирање, со оглед на пристапот на законските проекти кои ги нуди и начинот на кој ги предлага на Парламентот и со оглед на тоа што денес овој закон е во прва фаза, сите забелешки кои беа искажани и на Комисијата за транспорт, врски и екологија и овде на денешните дискусии во Парламентот се надевам дека позитивните аспекти ќе бидат прифатени и ќе имаме законски проект кој ќе биде од битно значење за нашата држава.

Сакам да искажам уште една работа дека ние како држава почитувани колеги, граничиме со соседни држави кои се веќе членки на Европската унија и од тој аспект јас сум убедена дека за нив, а посебно за нас, во наредниот период треба да биде од посебно значење третманот на водите и загаденоста на водите, со оглед на фактот што и ние како држава се стремиме за влез во Европската унија и од тие причини сакам да кажам дека беше крајно време да се донесе еден ваков законски проек кој е усогласен со европските стандарди и со Европското законодавство.

Уште еднаш на крајот ја изразувам мојата длабока поддршка на овој законски проект и се надевам дека во втората фаза ќе имаме законски проект кој ќе биде со вградени забелешки кои беа изнесени.

Овој законски проект на Комисијата за транспорт, врски и екологија ја доби поддршката од членовите на Комисијата, тука би завршила, благодарам за вниманието.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има господинот Азис Положани, повелете.

**Азис Положани:** Почитуван господине претседателе, почитувани пратеници.

Одлучив да земам збор, бидејќи се работи за една материја која сигурно бара подготовка и анализи и поголеми надлежности, но како и да е, бидејќи за водата се вели дека е живот, мислам дека заслужува поголема посветеност од сите нас пратеници. Како што кажаа претходните говорници, би требало пратениците да и посветат поголеми внимание на оваа материја уште повеќе кога се зборува за прва фаза од овој закон за води. Преку овој закон Министерството за животна средина и просторно планирање настојувало да му пријде на овој комплексен проблем за водите на еден начин овој проблем да го интегрира, да има интегрален пристап кон овој проблем и како таков да надмине неколку проблеми и тешкотии кои во оваа област биле многу евидентни и последиците од некоординација не имплементација на досегашните акти и на досегашната организација на прашањата за водите е како товар на нашите граѓани било од аспект на вода за пиење, било од аспект на вода од економски потреби за наводнување и разна употреба, концесии, посебно за зачувување на водата од загадување од отпадните води.

Овој закон претендира да има интегрален принцип опфаќајќи ги сите овие елементи. Настојувањето да се опфатат овие елементи изгледа дека е направена една посветена работа, но не сум сигурен дека е постигната целта. Уште помалку сум сигурен дека кога ќе се заокружи законот ќе може проблемот на водите да се реши на интегрален начин во однос на имплементација на политиките од областа на водите и не само по вина на Министерството или на еден субјект, или на едно лице, туку самиот факт дека проблемот на водите е општ проблем, специфичен проблем за управувањето со водите треба повеќе партнери кои се институционални, државни кои во овој закон малку се застапени.

Мојата дискусија ќе ја концентрирам на неколку забелешки, колку можев да ги разберам

членовите. Во втората фаза да се опфатат неколку аспекти кои во оваа фаза не се доволно јасни.

Сакам да истакнам дека можеби е добро законот да биде поупростен, неконфузен, многу јасен во одредбите. Има ставови каде во еден пасус се определуваат и обврските и условите и критериумите, што мислам дека може да создаде проблем. Би требало да биде поконцизен, појасен во некои одредби. Дури и пократок. Сепак го имам предвид фактот дека проблематиката е широка, дека овој закон е како рамка која носи потреба во себе за стратегија и други акти и подзаконски акти што се наведени тука околу 120 како што беше спомнато, но мислам дека законот за да биде попрактичен и од тој аспект треба да биде појасен, ако е можно и пократок.

Друго што би сакал да кажам, поради фактот што оваа проблематика е тешко да се реализира. До сега имало фази на добро менаџирање со водите или добро менаџирањето со водите на одредени места, а на одредени ни, тој аргумент дека сепак проблемот на водата да се менаџира само од едно место и да биде одговорен само еден орган. Добро е што стана наша потреба за исполнување на обврските од Европската унија и затоа Предлогот е дојден со многуј ѕвездички но мислам дека ние пратениците треба да бидеме свесни дека со прифаќање на овие обврски каде има обврски и за Владата и за општините и за граѓаните, и за локалнаа самоуправа, ние сами себе се оптоваруваме на начин на кој не ценам дека со законот е направен обид рамномерно да се оптоваруваат и реализираат посебни средства за реализација на оваа политика.

Имено, со законот се определуваат многу обврски, кои што треба обврските и стандардите да ги определува централната власт, а тоа што треба да се реализира за водата, главно, припаѓа на локалната власт. Степенот, подготвеноста и средствата потребни на локално ниво за овие политики и за овие веќе авансирани со високи стандарди и политики, мислам дека недостигаат.

Затоа, ценам дека е времето за сите да размислуваме и навистина ако сакаме партнерство со сите тие кои го сочинуваат системот, поготово на тие елементи кои што се повеќе од дневни политики, а тоа е водата, здравјето, екологијата и тн., мора да обезбедиме пристап кој што ќе овозможи и финансиски овие политики да се реализираат на локално ниво. Како што реков, тука се даваат ингеренции на локално ниво, а локалното ниво никаде не се консултира, никаде не е земено предвид, ниту мислење, ниту можност за да биде дел од општите политики. Јас ќе ви ги насочам и членовите кои тука се исто така битни. Затоа, ценам дека во склоп на капацитетите за реализација на овие политики на локално ниво, за да успеат овие политики и едновремено да се реализираат, мора да се разгледа и финансирањето на локалната самоуправа од аспект на Законот за локално финансирање, каде што веќе подолго време и од општините се бара повисок процент за општините, затоа што еве како што гледаме, ако не оваа година, нешто ќе стапи во сила следната година и тн., а обврските сите чинат и за Владата, но и за дел за тие што ќе ги реализираат. Поради ова, користам прилика пак да истакнам дека потреба за посуштествена, поголема поддршка на локалната власт од страна на централната власт преку Централниот буџет, мислам и делови од буџет, тоа е повеќе од неопходна ако се сака да се имплементира тоа што се донесува.

Во однос на обврските, нормално екологијата е интердисциплинарна дејност или материја која што покрива повеќе сегменти и каде што се поврзани повеќе чинители таа да биде на ниво, но во овој предлог навистина не гледаме партнерство сите тие што треба тоа да го реализираат, институционално како закон, што значи никаде не е вклучена локалната власт на која што му припаѓа правото. Мислам дека од членот 22, точка 1, една е екологијата, земјоделието и тн. Никаде со ништо не е предвидено некоја можна хармонизација на односите, меѓусебно мислење, распределба на мислења во однос на некои аспекти од екологијата, за да можат тие да преземат и обврска во одреден степен. Тоа се согледува и во членовите каде што предлагате да го регулирате правото на вода или како што тука се вика водено право, тоа е членот 26, каде што сите постапки, сите писма, сите документи, единствено на едно место се издаваат, без разлика ако тие имаат влијание и интерес и локалната власт да даде некое мислење. Зошто да не, за некои еколошки состојби, микроеколошки амбиенти, така да кажам, за кои што нема некое влијание во повеќе општини или во цела Македонија. Зошто да не некои интеренции да им се даде и на локалната власт. Да кажам, отворање бунари. На пример, отворање на бунар во сопствена нива, со стандарди и со сите принципи кои што вие ќе ги уредувате и за тоа вели Министерството или Владата да дава дозвола, што претставува оптоварување и не може да се контролира, не може да се спроведе. Тоа е место каде што мислам дека за состојбите кои што имаат влијание, како што реков, екологијата нема ни државни граници, а камо ли општински граници, туку за некои аспекти мора да се упрости процедурата и да се стави законот во служба на граѓаните. Овие права на вода и тн., кои веќе задираат во досега многу други елементи од сите аспекти кои тука ги кажувате во следниот пасос, вие ги преземате сите ингеренции до сега со овој закон и од водостопанство и од економијата. Досега правото, воденото право го дава само министерот од екологија и се прашувам дали е тоа објаснето и усогласено со Законот за концесии, зашто тие права кои што сега со дозвола се даваат порано беа концесии. Тука не се објаснува дека кога ќе се дава дозволата дали човекот има право да го користи тоа право. Или, се дава дозвола, па потоа се оди на Влада за концесија и тн., а тука така не е објаснето. На едно место велите дека, ако не е во спротивност

со Законот за концесии, но мислам дека во членот 30 кој што таа материја после вториот пасос го уредува, треба да се објаснува да не се дојде во судир со практикувањето на самиот закон. Значи, дозвола дали заменува досегашна концесија од сите овие министерства или  дозвола па пак со тоа да се оди во Владата за концесија, која што досега беше како мислење. Сега, Министерството за економија ги предлагаше концесиите и бараше мислење од Министерството за екологија и ставовите се усогласуваа. Вашето решение е можеби европско на овој начин да се уредува оваа материја, јас немам против, но мора да се објасни поради корисниците за дозволата дали значи право на користење или после тоа, што е основа за концесионерство што го дава Владата според тој закон. И, тука и со Законот за концесии вие знаете дека и таму има удел локалната самоуправа. Дури има удел и во  процентот на користеност на средствата од концесијата. Мислам дека и тука има момент каде што треба да се усогласи и треба да се дотера од тој аспект, затоа што ќе ни треба, сакале или не сакале тоа партнерство со локалната самоуправа. Вие правите стандарди, вие правите критериуми, вие сакате водите и пречистителните станици и тн., а општината нема ни еден денар од таа работа, ниту од каде да ги земе. Ќе ги земе и ќе се обрати до граѓаните и тогаш ќе се поскапат услугите многу високо, така што мора да се вклучи локалната самоуправа во овој контекст. Неиздржлив е членот кој што го уредува начинот на  совет, кој што има некои ингеренции за стратегии и тн., каде што велите дека е сочинуван од седум членови и сите седум членови ги претставуваат министерствата, од истакнати стручњаци. Мислам дека се знае како министерствата ги предлагаат стручњаците и врз кои принципи, не само оваа Влада, туку било која влада. Не е добро за нешто стручно, научно и многу долгорочно стратешки да се одлучува, тука мора да се вклучи и науката. Мора да се вклучат и институциите кои што се поврзани директно и секојдневно со таа работа.

Јас предлагам во втората фаза тој член да се обработи и да нема седум, туку дупло, можеби 15, но да има минимум вклучен човек од локалната самоуправа во тој совет ил од ЗЕЛС еден или двајца, да има од Хидрометеоролошкиот завод, да има од геодетските факултети или универзитети и на тој начин, освен делот што е со мандат политички да оди таму и да ги претставува некои ставови од министерствата за кои што знаеме од практиката дека не секогаш се усогласени, а посебно кај водите, каде што многу министерства тргаат секое на своја страна од аспект на стопанисувањето, а едно е стопанисувањето, друго е заштита и сл. Мора советот да биде компониран од луѓе кои што ќе ги отсликуваат сите овие интереси и ќе има луѓе од Академијата, Универзитетот, Хидрометеоролошкиот завод и локалната самоуправа кои што ќе го комплетираат советот на начин и ќе му овозможат поголем кредибилитет и научна основа за своите одлуки и политики кои што ќе ги преточи во стратегии и во други насоки кои што органите треба да ги реализираат.

Втора работа, никаде не се вклучени невладините организации. Сепак, екологијата, посебно водата од таа гледна точка, од аспект на вашето Министерство, не смее да се изостават. Невладините организации се вистинските заштитници на екологијата. Вие тоа добро го знаете. Зошто? Затоа што Министерството како дел од Владата  е во функција на заштита, не може тоа право да го реализира, поради тоа што Владата сепак е едно тело. Ќе се спротивстави на некој владин проект, кој што е во спротивност со економските стандарди, но на крај под одреден политички притисок ќе молчи, со тешко срце, но ќе го прифати тоа. Ние тоа го знаеме. Без некоја поголема улога на невладините организации во овој сегмент, тешко е да се реализираат транспарентни и кредибилни политики од аспект на барем делот кој што се однесува на водите и од аспект на заштита на водите и од економизирање на водите, па и од другите аспекти. Тука не гледам ниеден член тоа што го уредува, па затоа мислам дека ќе треба да размислите за вклучување дури и во советот, би било добро еден или двајца луѓе да се вклучат, така што мора да се направи партнерство за реализација на оваа политика, затоа што навистина е проблем, е контекст кој што не може тесно, не може сегментарно, не може само авторитативно или само од владина позиција да се реализира. Затоа, локалната самоуправа, научната мисла и невладините организации мора да имаат свое соодветно место во овие решенија.

Јас не би сакал да должам повеќе, мислам дека после првата фаза ќе видиме какви решенија ќе се дадат, па потоа ќе го дадеме нашето мислење. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има госпоѓа Владанка Авировиќ, повелете.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам претседателе, почитуван заменик минситер, почитувани колеги.

Сосема накратко би сакала да се осврнам и јас во анализите на овој Предлог на закон, имајќи ги предвид дискусиите на моите колеги, кои претходно ги кажаа своите ставови и дилеми во врска со донесувањето на овој закон. Добро е што овој закон оди во две фази и мислам дека ќе бидат земени предвид сите размислувања, сите точки во кои што колегите ги посочија своите забелешки. Еве, ќе се обидам и јас неколку мои опсервации да ги упатам, а се со цел да се подобри текстот на законот и во втората фаза евентуално некои од тие размисли да бидат земени предвид.

Имено, користењето на водата се врши преку повеќе наменски стопански објекти со примена на таканаречен интегрален принцип. Како најголем и најспецифичен потрошувач на водата се јавува земјоделието. Ние сме аграрна земја околу 80%. Моите дилеми се околу комуникацијата помеѓу корисниците и надлежните за планирање и

управување, а тоа ми се чини дека ќе биде најдоро да биде директно во надлежност на само едно министерство. Се плашам дека преклопувањето во повеќе министерства нема во доволна мера да доведат до добра имплементација на ваков важен закон за Република Македонија. Нашите објекти кои што се создаваат ресурсите се конципирани и градени на принципот на самоодржливост. Тоа значи на економски параметри дури за таканаречен фулкост риковери, што во услови на несоодветно стопанисување може да предизвика неповолни ефекти. Знаеме дека во тек се реформи во Секторот за стопанисување со водите, а причина е да се вклучат корисниците на сите нивоа на одлучување и да се постигнат економски ефекти на самоодржливост, на принципот корисникот плаќа, ама и загадувачот плаќа.

До сега оваа надлежност ја имаше Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Мојата дилема е дали ќе се доведат во неповолна состојба досегашните реформи кои што беа спроведени и сеуште се спроведуваат со поддршка на Светската банка. Тоа е една од моите дилеми. Во водостопанските дејности не смеат да се гледаат одвоено во смисла на активности за потребите на наводнување, а што за другите дејности, мислам на водостопанисување, енергетика, индустрија, загадување и тн. Мојата дилема е да не дојде до последици во функционирањето особено во управувањето.

Исто така, уште една дилема ми се наметнува во овој дел, а тоа е во однос на дуплирање на надлежностите, до зголемување на администрацијата. Мислам дека надлежното Министерство за животна средина ќе ги има предвид сите овие дилеми и како да излезе надвор од таквите преклопувања на належностите, зголемувањето на сумата потребна за администрирање на овој дел, при што мислам дека е потребно посебно да се обрне внимание.

Исто така, ќе се задржам накратко уште на економско финансисите импликации во овој момент, бидејќи е реално и тешко да се предвидат. Но, ако се земе предвид сигурната потешкотија само во одржувањето на објектите, може да се смета или лично сметам дека подвојувањето ќе биде со одредени негативни влијанија од овој вид.

Исто така, можам да спомнам уште една работа, а тоа е дека современите сознанија и европските директиви за интегрално управување со водите, ми се чини дека вака како што е компицирано, не ќе може во целост да се почитуваат ако се раздвојат дејностите, т.е. наводнувањето од другите дејности кои што претходно ги спомнав. Затоа, мојот апел, моето укажување е дека треба да се посвети особено внимание во овој дел, бидејќи ми се чини дека ќе се наметне дуплирање на надлежностите. На пример, наводнувањето ќе треба да има посебен сектор во некаква управа за води, во Агенција за наводнување, а слично ќе биде и со другите дејности ако дојде до подвојување. Сегашната состојба на надлежностите врз водите е во неколку министерства, но само делумно може да се смета дека водите не се управувани од едно место. Затоа, особено сметам дека сите овие елементи кои што ги искажав ќе бидат земени предвид во донесување на втората фаза и да не се повторувам, со претходните дискутанти, сметам дека еден од најважните закони кои што денес е на дневен ред, тоа е Законот за водите, кој што е извoредно важен за граѓаните на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има господин Марјан Додовски, повелете.

**Марјан Додовски:** Благодарам претседателе.

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер за животна средина и просторно планирање.

Јас само накратко би сакал да кажам неколку зборови во однос на предлогот за донесување на ЗЃзаконот за води. Значи тоа е закон кој што е од исклучителна важност за нашата држава, бидејќи со донесувањето на овој закон, денес говориме за првата фаза од овој закон, па верувам дека после сите овие дискусии многу набргу ќе ја имаме втората, односно финалната верзија на законот за води, што треба да претставува еден јасен сигнал и цврста основа за дефинирање на нашата национална стратегија околу водите.

Република Македонија познато е дека изобилува со доста води, што површински, што подземни и фактот дека можеби еден од најголемите ресурси на питка вода во Република Македонија е од исклучително значење, не само за регионот, туку и за Европа, треба да биде еден од јасните сигнали и цели во стратегијата која ќе ја изготвува Република Македонија.

Фактот дека водата станува примарна цел на сите влади во светот и дека 21 век ќе претставува и век кде што сите борби ќе се водат токму за водите, мислам дека Република Македонија треба јасно и прецизно да си ја дефинира својата цел, комплетно во делот на заштитата и управувањето со водите.

Посебно ни е драго што денес пред нас го имаме овој закон како резултат на една долгогодишна работа во Република Македонија и во целосна координација со ЕУ, и конечно концентрирање на управувањето со водите и заштитата на едно место и тоа во Министерството за животна средина и просторно планирање. Она што досега го имавме во изминатиот период навистина создаваше не само збунетост во нашата држава, туку и во меѓународната заедница и кај донаторите, затоа што сите бараат да има едно интегрално управување и една интегрална заштита на водите во Република Македонија. Значи, започнувајќи од секторската оперативна програма од 1999 година кога започнаа преговорите со меѓународната заедница, значи со ЕУ, еве денес имаме еден закон со сите нишани на она што се вика процес на хармонизација. И

верувам дека сите овие дискусии кои денес ние како пратеници ги искажуваме овде во Собранието Минисерството за животна средина и просторно планирање ќе ги разгледа, она што е прифатливо согласно процесот на хармонизација да се вгради. И порачувам многу, многу, брзо да ја имаме и втората фаза од овој закон.

Давам поддршка на Законот за води.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам до го усвои следниот заклучок:

Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за водите.

Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на закон за водите при што ќе ги има во предвид мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за животна средина и просторно планирање.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ги повекувам пратениците да влезат во салата.

Објавувам пет минути пауза за да се соберат пратениците во салата.

(По паузата)

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 60 пратеници, воздржани нема, против 1.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точка 11. - Предлог за донесување на закон за државното правобранителство, со Предлог на закон.**

Има збор господинот заменик министер за правда.

**Сашо Василевски:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

По повод Предлогот на законот за државно правобранителство, дозволете ми на самиот почеток да го изразам моето лично задоволство што со носењето на овој закон се дава законска рамка за надминување на состојбите во еден значаен сегмент, прашањето на заштита на имотните права и интереси на Република Македонија. Причините за донесувањето на законот за државното правобранителство пред се произлегуваат од потребата за уредување и дефинирање на правната положба на јавното правобранителство на Република Македонија и пред се трансформација под служба на Владата на Република Македонија во самостоен независен државен орган, а врз основа на заклучокот донесен на Владата на 44-тата седница одржана на 21.03. 2007 година кој се однесува на подготовка на законот за државното правобранителство и националната програма за усвојување на правото на ЕУ. На изготвувањето на овој Предлог на закон му претходеше опсежна анализа и информација за состојбата на јавното правобранителство на Република Македонија. Во Информацијата пред се беа опфатени обемот и квалитетот на работењето на јавното правобранителство во изминатиот период како и пред се кадровската екипираност и материјалната состојба во службата. Тргнувајќи од приливот на предмети како по обем, така и по правен основ и оптовареноста на јавното правобранителство што може да се види од податоците наведени во образложението на Предлог на законот се наметна потребата од донесување на предложениот закон за државно правобранителство.

Почитувани пратеници од досегашното функционирање на јавното правобранителство може да се заклучи дека овој орган во своето работење покажуваше слаби ефекти во заштита на имотот и имотните побарувања на државата. Ваквото тврдење произлегува од судските предмети кои се во тек пред надлежните судови, а се однесуваат на организиран криминал и корупција каде што јавното правобранителство како надлежен за заштита на имотните права на државата не ги преземало сите активности кои пред се било должно да ги преземе со закон. Токму заради тоа произлезе потребата од стручно, професионално, непристрасно навремено и одговорно пред се постапување заради заштита на државниот имот, а во согласност со зголемените надлежности утврдени со соодветните закони. Поради пасивниот однос на јавните правобранители донесени се голем број пресуди врз основа на кои државните органи се задолжени со висок износ на средства и пред се истите се извршени. Претходно изнесеното укажува на оценката дека постојниот статус на Јавното правобранителство на Република Македонија како служба треба да се редефинира и да се промени по јасна дефиниција на позицијата во рамките на организацијата на органите на државната управа и се подига неговиот правен статус на ниво на државен орган со сите овластувања и одговорности.

Со Предлог законот за државното правобранителство точно се дефинираат надлежностите, положбата и статусот на државниот правобранител на Република Македонија и државните правобранители. Со оглед на тоа што согласно предложениот закон, државното правобранителство почива на принципите на субординација и хиерархија, а со посебна нагласеност на самостојноста на државните правобранители, се очекува нивна поголема одговорност при извршувањето на својата функција. За олеснување на комуникацијата и полесен пристап до податоци, докази и информации за потребите за постапување по конкретен предмет, во Предлог

законот е предвидено должност за составување на истите од страна на органите на државната управа и другите правни лица, а за сите останати правни и физички лица само на барање на државното правобранителство.

Во интерес на подобра координација на органите на Државната управа со Државното правобранителство се задолжуваат раководителите на органите на државната управа да определат лице кое ќе соработува со државното правобранителство, а за определени спорови од особено значење и ќе присуствува на самите судски рочишта. Понатаму, за поздравување е фактот што како посебен услов кој треба да се исполни за именување на државен правобранител на Република Македонија, односно избирање на државни правобранители покрај правосудниот испит, работното искуство од 8, односно 5 години по положен правосуден испит преставува и угледот за вршење на функцијата. Сметам дека ова е многу значаен услов кој ќе даде посебна тежина на државните правобранители и нивна поголема компетентност за вршење на функцијата. Со оглед на негативните последици од примената на законот за јавно правобранителство од 1997 година со Предлог законот е предвидено разрешување на државните правобтанители поради нестручно и несовесно вршење на функцијата од страна на Владата на Република Македонија.

Почитувани пратеници, со задоволство можам да кажам дека со Предлог законот за државно правобранителство се регулира областа на заштита на имотно правните интереси на Република Македонија од страна на државното правобранителство кое со Предлог законот ќе преставува државен орган кој презема мерки и правни средства заради правна заштита на имотите, права и интереси на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** За збор се јави госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

Мери, ќе се сместите ли во шест минути, или да дадам пауза.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Не.

**Љубиша Георгиевски:** Објавувам пауза за ручек.

Продолжуваме во 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи во 15,04 часот).

**Бесим Догани:** Продолжуваме со работа.

Има збор госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Благодарам потпретседателе, претставник на Владата колеги пратеници.

На денешната седница не го гледам министерот за правда, тука е заменик министерот, веројатно министерот не може да се соочи со критиките што ги доживува кога ќе дојде овде во Парламентот, во однос на поднесените закони, но тоа е наша обврска како пратеници, да бидеме конструктивни, да дадеме предлози што ќе ги подобрат законските текстови.

Пред нас е Предлогот за донесување закон за државно правобранителство, со предлог закон.

Јас навистина се прашувам што размислувала Владата кога еден ваков закон е доставен во две фази. Тоа не е новина, тоа е пракса, постојано така работи Владата, бидејки така смета дека најлесно ќе ги истурка своите замисли.

Веднаш ќе кажам дека е најдобро ако во оваа фаза претставникот на Владата го повлече Предлог законот и ако може да расправаме попредлог за донесување на закон за државно правобранитеслтво. Велам закон за државно правобранитеслтво.

Знаете ли колеги какви работи се предвидуваат со овој закон. Прво, од формална причина потоа и од суштинска причина. Меѓутоа Владата апсолутно ниту почувствувала намера, ниту тоа го слушнавме од претставникот на Владата, или желба да ни објасни и да ни одговори на прашањата што се најважни во однос на овој закон. Јас нависитна очекував овде одговор, во обраќањето да ни одговорите зошто е сменет називот, до сега Јавно правобранитеслтво, сега со овој закон наеднаш, во две фази предлагате да се донесе, со назив државно правобранителство. Потоа нема концепт. Значи апсолутно немате концепт, барем таков не видов ниту во образложението. Велите има потреба од реформи, констатирани се одредени слабости во функционирањето, меѓутоа сите слабости што се констатирани ќе се надминат со овој закон. Со кои одредби од законот? Значи немате концепт. Прво, немате јасна визија што треба да се прави. Соодветно не се лоцирани сите слабости освен неколку што наведувате како недостаток во однос на капацитетите од кадровски потенцијал. Велите дека ќе се усогласиме со европското законодавство, меѓутоа нема ни кореcподентна табела, има илјада недостатоци и т.н., но ќе зборувам поединечно за сите овие прашања. Се повикувате на компатративни искуства, а ниту едно компаративно искуство не е наведено во овој текст. Велите се хармонизираме, ги цениме компаративните исксутва. Кои се компаративните исксутва. Сте правеле анализи. Што сте правеле анализи, да ни кажете колку предмети се воделе во 2000, 2001 и 2002 година и сметате дека тоа е доволно. Апсолутно не. Но вас реформтие апсолутно не ви се битни. Еве и со овој закон како и со многу други закони што ги доставувате, не враќате назад. Првин со називот.

Дали, почитуван претставник на Владата ви е јасно и дали сте виделе во кои држави се користи терминот државно, генерално и за обвинитеслтво и за правобранителство и за други органи. Можевте во Министерството за правда да ги погледнете анализите и документите подготвувани во фазата на работа по Уставните амандмани усвоени во 2005 година. И тогаш од некои структури имаше заложби да бидат називите наместо јавно обвинитеслтво, државно, генерално, врховно обвинителство, меѓутоа анализите покажаа дека во земјите со централизирани системи, во земјите во кои

демократијата е на стаклени нозе, или ја нема, се употребуваат вакви термини, да не кажам најмногу се користени во времето на поранешниот Источен блок. Вие таму не враќате? Значи не одговарате на суштинско прашање. Називот го менувате. Тој назив не значи развој на демократијата. Никакво образложение во однос на ова, ниту во текстот, ниту во причините, ниту во целите што треба да се постигнат со законот и баш би сакала да ми кажете што ќе се псотигне со терминот државно правобранитеслтво. Навистина сметам како пратеници дека залужуваме таков одговор и јас веднаш ќе ви кажам дека сум против таквиот назив.

Исто така, треба да внимаваме на унифицираното употребување на термините и институциите што постојат во Република Македонија. Како што спомнав во Уставот е задржано и за Јавното обвинителство да биде Јавно обвинителство и сметам дека навистина немаше ниту една причина да се менува терминот на Јавното правобранителство во државно правобранитесltво.

Заменикот кажа направена е опсежна анализа. Каде е таа анализа што е опсежна за да можеме да видиме дали со овој закон што вие го предлагате, навистина нешто ќе се реформира во Јавното правобранитесlтво. Нема таква анализа.

За концептот, што да ви кажам. Мислам дека ова прашање навистина на смешен начин е третирано во овој закон. Едноставно нема  концепт. Не знам, вие се повикувате на компаративни искуства, иако спомнав такви нема во овој закон, верувам дека навистина ги немате, ако ги имавте ќе ни ги доставевте, барем тоа е вашата обврска.

Врз основа на лоцираните пробелми да се каже во која насока треба да се движи развојот на Јавното правобранитеслтво и да видите кои се причините. Вие наведувате дека причини од најсериозна природа се поврзани во однос на лошото функционирање на Јавното правобранитеслтво, се поврзани со кадровскиот потенцијал. Дали сметате со тоа што наместо јавен правобранител, ако се преименува сега правобранителот во државен правобранител, наеднаш ќе се подобри кадровскиот потенцијал, или пак имате намера, еве како и обвинителите, да ги менувате сите од почеток, од нула, да ставате партиски војници, па тие априори да бидат стручни лица со јаки кадровски потенцијали и дека тие ќе ги задоволат потребите на Правобранитеслтвото. Тоа покажува само каква е вашата политичко партиска намера, не покажува желба и волја да ги надминувате пробелмите во Јавното правобранитеслтво.

Точно е дека се лоцирани пробелми во кадровскиот потенцијал, но не гледам дека овој закон ќе ги реши. Ако навистина сте стакале да направите добар закон, сте требале да ги разгледате концептите што постојат во други земји. Каде кадровскиот потенцијал може да се подобри со вклучување на лица од надвор, како консултанти, како застапници, дури и адвокати. Во различни земји се различни решенијата кои може да го подобрат работењето и постапувањето по конкретни предмети во Јавното правобранитеслтво, бидејќи нормално е дека тие лица што работат таму не можат да ги знаат сите сегменти од правото, тие работат на одредена пробелматика, а ги застапуваат интересите на Република Македонија од различна природа, се појавуваат области  од различни надлежности на различни министерства и т.н. и нормално е дека според спецификите потребно е да бидат вклучени луѓе што знаат или што имаат продлабочени знаења од таа струка и овие прашања решаваат на тој начин. Но, апсолутно тоа би било небитно, вие немате намера да го зголемите кадровскиот потенцијал,како што спомнав, со вградување можност во законот, да се ангажираат вакви стручни лица, туку како што спомнав ќе правите избор од почеток и така ќе го зајакнете потенцијалот со вашите партиски војници.

Во образложението на законот, како најголема новина ни наведувате дека причините за донесување на овој закон е трансформација на Јавното правобранитеслтво од служба на Владата, во самостоен и независен државен орган. Точно, до сега беше служба на Владата, не гледам дека тоа е голема пречка заради тоа што ги штити интересите на Република Македонија  и треба да работи во интерес и на Владата и во интерес на Република Македонија. Проблемите се од друга природа, не затоа што беше служба на Владата. Но, навистина не знам каде е таа новина што ја вградувате, самостоен и независен државен орган. Прочитајте од член 1 до последниот член, дали некаде стои дека овој орган ќе биде самостоен и независен орган. На ниту едно место тоа не е спомнато. А дали може орган за кој вие самите сте си напишале образложение, значи без тоа да е наведено во текстот на законот, да биде самостоен и независен, ако во членот 8 стои дека државните правобранители во вршењето на својата функција се самостојни, а за својата работа одговараат пред Владата на Република Македонија и пред државниот правобранител. Јас верувам дека на заменик министерот тоа можеби му звучи смешно затоа што ги знае вистинските идеи за измена на Законот, меѓутоа треба да се соочи со овие аргументи што јас еднаш ги изнесував.

Исто така во членот 9 став 2 е наведено, дека државниот правобранител за својата работа и за работата на државното правобранитеслтво одговара на Владата на Република Македонија. Ова е самостојност и независнсот? Ако вие навистина сакате да направите измени што ќе значат јкнење на независноста и самостојноста на Јавното правобранитеслтво, во најмала рака требаше да предложите решение според кое јавниот правобранител ќе се избира во Собранието на Република Македонија, како што се избира јавниот обвинител. Тогаш ќе можевме да зборуваме за зголемена самостојност и независност, бидејќи тука барем на говорницата

од Парламентот, независност од мнозинството, сите политички партии што имаат претставници во Парламентот, ќе можат од говорница да гокажат својот став во однос на кандидатот што се бира, а вие од една страна, наспроти ова што јас го спомнувам, велите дека овој орган ќе биде понезависен отколку што е до сега. Видете каков апсурд. Генијално решение предлагате изборот да го врши Владата, тоа беше и до сега, но сега каква е улогата на уште еден претставник од Валдата, но на предлог на министерот за правда. Значи супермен го направивте, со сите овие закони што и вчера и денес ги предлагате во Парламентот, министерот за правда и него ќе го претворите во лице што ќе се занимава исклучиво со кадровски прашања, почнувајки од оние надлежности што и до сега ги имаше со кои јас се согласувам, бидејки според природата на работата треба да ги има. Меѓутоа од она што вчера беше предвидено во Законот за малолетничка правда, околу државниот совет за превенција каде на предлог на минситерот за правда ќе се избираат 7 претставници во државниот совет, па еве со јавниот правобранител и со сите други измени на закони што ги доставувате, кои значат зголемени ингеренции на министерот во однос на кадровски прашања, вие него ќе го претворите во нешто повеќе од Комисија за избор и именување во Парламентот. Тогаш дајте да му укинеме некоја од другите надлежности, зошто нема да може да ги извршува. Навистина се премногу работи и тоа исклучиво за вакви прашања. Сметам дека ова е уште поголема можност Министерството за правд,а како што се случува и во изминатите месеци, наместо да ги извршува своите задачи во реформските процеси што како Република Македонија ги имаме, да се претвори во тутор и на Правобранитеслтво и на другите институции од правосудната сфера. Мене не ме чуди ваквата тенденција. Ако вие сте успеале, а тоа го правите, да ги исплашите и да ги заплашувате јавните обвинители, па за сите предлози за кои Полиција предлага притвор, автоматски јавниот обвинител поднесува барање за определување мерка притвор до истражен судија, истото реков се случува и со судството, не се сомневам дека вакво нешто правите и со Јавното правобранитеслтво. За тоа говори и постапувањето и работата на Јавното правобранитеслтво во изминатите месеци, бидејки не слушнавме ни глас, ниту од јавниот правобранител, ниту од никој друг што работи во Правобранитеслтво, туку за се што е од нивна надлежност исклучиво го слушаме министерот за правда. Велам, сте отишле уште понатаму па ги заплашувате и судиите да не досудуваат позитивно во предметите каде тужена страна на Република Македонија, со што директно ги загрозувате правата и слободите на граѓаните кои се јавуваат како тужители воспорови против Република Македонија. Тоа го правите од едноставна причина што ви се потребни парите од Буџетот, што во случај на спроведување и исзвршување на судските одлуки, би се одлеале од буџетските средства, потребни се за да ги користите за маркентиншки кампањи со кои ќе се плаќаат телевизиите и изготвувачите на спотовите што чинат иљадници и миљони евра, но вам тоа ви е поважно како ќе се претставите пред медиумите, а помалку важно ви е да се грижите за заштита на слободите и правата на граѓаните. Овој закон, почитувани колеги најмалку значи заштита на слободите и правата на граѓаните, за што постои и обврска согласно Уставот. Секако дека треба да се штитат интересите на државата, но за да се штитат истите на соодветен начин, навистина требаше да се направи нешто со законот, да се зајакне потенцијалот на јавните правобранители. Но, апсолутно вие не го направивте тоа со овој закон.

Јас би можела уште многу да зборувам за законот, меѓутоа очигледно е дека Владата нема интерес да слуша и сето што го зборуваме на крајот се сведува само на наши дискусии кои остануваат овде забележани во стенографските елешки, а кои немаат соодветна завршница. Затоа уште еднаш ќе повторам дека е најдобро, за да се исправи огромната грешка што ќе донесе уште поголеми забуни понатаму во пракса, во функционирањето и примената на овој закон, претставникот на Владата да се произнесе дека денес расправаме само за права фаза и да ни одговори зошто е сменет називот на оваа институција. Од каде има согласности и од кого, каде не води тоа, што мисли Владата да прави од Република Македонија, држава што ќе ја јакне демократијата, или што ќе оди назад. Тоа треба да го одговорите и пред пратениците и пред граѓаните. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Младеновска.

Има реплика заменик министерот за правда.

**Сашо Василевски:** Благодарам потпретседателе.

Сосемакратко да одговорамоколу делот на компаративните согледувања затоа што овде беше изнесено од страна на пратеничката дека во делот на образложението на законот не сме ги имале предвид, ниту биле наведени компаративните согледувања за носењето на овој закон.

Јас само ќе напоменам дека на страна 17 од образложението, првиот пасус вели: - од компаративните согледувања се утврди дека во државите во регионот постои посебно тело, но со различна организациона поставеност, кое се грижи за заштита на имотните права на државите.

Така на пример, во Хрватска функционира како посебен орган во рамките на правосудниот систем, а во Словенија постои како самостоен орган. Имајки ја предвид уставната поставеност на органите на Управата, на организацијата на државната управа, кај нас е можно само формирање на самостоен државен орган.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Една минута контра реплика за госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Не ме чуди што е ваков законот. Ако е тоа доволно за заменик министерот за да понуди такво решение, тогаш немам зборови што ќе се случува понатаму. Значи без никакви аргументи, со една реченица, сметаат дека ги исполниле своите обврски што ги имаат. Зарем е тоа анализа, зарем е тоа компаративна анализа со две реченици напишани во еден текст, на помалку од две страни. Тоа е срамота. Тоа е рушење на угледот на Парламентот кој врши надзор над работата на Владата. Владата за да добие подршка за своите закони и ставови, треба да не убеди со силата на аргументите. За жал тоа, од денешен агол гледано, е многу далечна работа за нас.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор господинот Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, почитуван заменик министер,

Сакам јас на кратко да го искажам своето мислење по однос на Предлогот за донесување на законот за Државно правобранителство.

Еден од сетот на законите кои што треба да се донесат во Собранието на Република Македонија, во продолжување на реформскиот процес, за кој што многу пати овде во Собранието сме сведоци дека има застој дури и се уназадува. Добро е што денеска се разговара во Собранието на Република Македонија со цел да се соочат аргументите, заради тоа што, факт е дека се утврдени одредени слабости во функционирањето на Јавното правобранителство во Република Македонија и еден од важните сегменти во тој реформски процес во правосудството е да направиме вистинска реформа во овој дел на Јавното правобранителство.

Не можам а да не забележам дека констатацијата која што и овде од страна на опозицијата се изнесуваше многу пати во собраниски расправи. Меѓутоа, и констатацијата од страна на Меѓународната заедница, од страна на оние кои не набљудуваат во реформскиот процес дека често се оди на квантитет во донесување на законите, а не квалитет во негово донесување и квалитет во спроведливоста на овој закон. За жал, и денеска во расправата по Законот за државното правобранителство, можам да констатирам дека министерот за правда се води повторно од принципот на квантитет во донесување на законите, само да му се бројат законите оние кои ги донесува. Веројатно, да го смени сопствениот имиџ во јавноста и во Парламентот дека за одредени прашања, за одредени правилници и акти кои што требаше на време да ги донесе, ги донесуваше секогаш после интервенцијата на опозицијата, или по упатени пратенички прашања, или преку покренување на иницијативи. Меѓутоа, со таков министер добар е и чекор напред, вака што разговараме за одредени законски проекти. Па макар нека бидат и квантитативни. Добро е што можеби денеска како претставник на Владата е заменикот министер, па ќе може многу поконструктивно да ги сослуша предлозите од опозицијата, евентуално и да се прифатат одредени забелешки што ги имаме, пред се, би рекол, во концептот на Јавното правобранителство во Република Македонија.

Гледајќи го овој Предлог закон што е доставен во Собранието на Република Македонија, гледајќи ги причините од образложението, навистина се многу конфузни и многу контрадикторни со искажувањето на намерите на Министерството за правда, што е тоа најприоритетно во делот на реформирањето на Јавното правобранителство во Република Македонија. А, суштината и концептот на законот е сосема нешто друго. Или сака пред Собранието и пред пратениците и пред македонската јавност да се покаже дека навистина се залага и прави одредени реформи, кои што се бараат за исполнување на обврските од овој процес на реформи во правосудството, само тоа што ќе донесеме нов закон за правобранителство, или како што сега се вика за Државно правобранителство, без некоја посебна аргументација, овде образложена во Собранието на Република Македонија, или пак дадена било каква анализа, кои се основните аргументи и кои се позитивните примери во делот на тоа зошто е потребно да се смени називот Јавно правобранителство, ако не е основната причина тоа да е главната промена во законот. Со самото тоа што нема да го викаме Јавно правобранителство на Република Македонија, туку Државно правобранителство ќе ја направиме главната реформа, јас во тоа се сомневам, тоа можеби е според сфаќањето на Михајло Маневски, меѓутоа, никако не и според мое сфаќање, а верувам и според сфаќање на многумина пратеници кои што се во оваа сала. Верувам дека не е и според сфаќањата на луѓето кои што работат во фелата во Јавното правобранителство во Република Македонија.

Не можам а да не забележам дека една од причините, сакам овде во Собранието и пред македонската јавност да кажам, што е тоа заради кое се донесува Законот за Јавно правобранителство. Како една од причините, цитирам: "Јавното правобранителство на Република Македонија и трансформација од служба на Владата на Република Македонија,во самостоен независен државен орган". А, врз основа на заклучокот и врз основа на Националната програма за остварување на правото на Европската унија, се подготвил закон ваков каков што е доставен во Собранието на Република Македонија. Тоа се добри причини ако гледаме дека има добри соодветни одредби и соодветни решенија, кои што се понудени во овој законски текст дека основната причина е да се трансформира овој орган, се со цел да се зголеми и неговиот правен статус во хиерархијата на државните органи, на тој начин да се зголеми неговата одговорност, ама да се зголеми и неговата независност и самостојност во

Република Македонија, што впрочем, не беше случај досега.

Добра е констатацијата што се дава во образложението на овој закон дека многубројни предмети во Република Македонија, многубројни случаи, дури и судски процеси кои што беа водени или кои што се водат во Република Македонија, се покажа од страна на Јавното правобранителство дека навистина, има слаби ефекти во заштита на имотот, имотните побарувања на државата итн. Или често пати, овој орган, како Јавно правобранителство на Република Македонија беше на удар токму од страна на власта, од страна на Парламентот, од страна на медиумите итн, дека недоволно се грижи за заштита на јавниот интерес на имотот на државата итн во Република Македонија.

Сето тоа, е еден од аргументите плус дека постои оправданост за овој орган, кој што е во состав на Владата да биде независен и самостоен државен орган, се со цел да се обезбеди подобра и поефикасна заштита на имотните права и интересите на државата Република Македонија и основните принципи кои се нудат во делот на функционирањето за кои што Владата се залага. Меѓутоа, гледајќи од текстот на законот, навистина тоа не можам да го видам, освен што секаде, ако е најголемата придобивка од сега да го викаме Државно правобранителство на Република Македонија, најмногу во делот на изборот на Државниот правобранител, се гледа дека намерите за формирање на самостоен, независен, стручен орган, орган кој што ќе може многу подобро и поефикасно да се грижи за имотот и интересите на државата не се покажува како исправна тенденција на Владата. Едноставно, и со овој закон, како што се прави тоа и со многу закони во Република Македонија и овој орган се става директно под капата на министерот за правда. На тој начин, се зголемува моќта. Веќе говоревме во неколку законски проекти, за учеството на министерот и во Судскиот совет на Република Македонија, во Советот за јавни обвинители, во Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители, во Буџетскиот судски совет, еве сега има голем дел при именувањето на Државниот правобранител на Република Македонија, при донесување на правилници итн. Со тоа ми се потврдуваат многубројни изјави и информации, кои што беа презентирани преку електронските и пишаните медиуми, токму од научната и стручната јавност, во делот на правосудството дека има тенденција, или намера оваа Владата, министерот за правда да воспостави апсолутна моќ, врз правосудниот систем. Тоа не е тенденција и интерес на Република Македонија, тоа не е тенденција на која што нас не тера Европската унија или ни даваат насоки за реформа во овој процес, тоа не е тенденција, со која што директно и вистински ќе одиме во насика на правење на овие реформи, се со цел да добиеме што е можно попозитивни оценки во делот на реформи во правосудството, како еден од најбитните сегменти за остварување на нашите аспирации и во европска и во евроатланска смисла.

Токму заради тоа и Законот за Јавно обвинителство говори дека јавно манифестираната моќ, со тоа што претседателот на Судскиот совет, дури пред зградата го чека министерот за правда, за да го внесе на седница, укажува на моќта на министерот за правда во делот на именувањето и разрешувањето на судии итн. Тоа ќе се случи со Јавниот обвинител, а додека Државниот правобранител, некако како природно право да му е дадено на министерот за правда да биде под негова контрола, а така на тој начин, само декларативно да кажеме дека еве ќе направиме независен, државен, стручен, самостоен орган, кој ќе ги штити подобро интересите на Република Македонија и имотните права, со тоа што ќе го смениме само називот во овој закон.

За мене е неприфатливо да направиме стручен и независен орган, ама Државниот правобранител на Република Македонија да го именува Владата на Република Македонија на предлог на министерот за правда. Ако како аргументи се посочуваат и со самото Министерство, со самиот министер, што верувам дека го има прочитано законот при подготовка, верувам дека еден од аргументите е многу слабо се штити државниот интерес, веројатно, имајќи голем удел при застапувањето на одредени министерства и сите други државни органи за одредени процеси кои што се случуваа во Република Македонија, судски процеси и сите ние се сомневаме или претпоставуваме дека некои од тие функционери вршел директен притисок врз Државното правобранителство, односно Јавното правобранителство во делот на редовните правни лекови, во делот на одредени правни лекови што требале да бидат искористени, а не биле искористени.

Сега не ми е јасно како може истиот принцип да се применува и во новото законско решение, а да очекуваме дека ќе направиме поголема независност и самостојност на овој орган и дека ќе ни се зголеми ефикасноста во делот на заштитата на правата и на интересите на Република Македонија. Такво нешто нема да се случи. Ќе продолжи една таква пракса, што не би сакал да верувам, ама тоа е фактот што ни се потврдува дека и оваа Влада не сака да направи орган кој што вистински ќе ги штити правата на Република Македонија и нема повторно да ни се случуваат одредени процеси во кои што сите ние, и најмногу македонската јавност ќе се сомнева дека ова е се под капата и под плаштот на државните функционери. Напротив, мислам дека со овој закон министерот за правда господинот Маневски си зема уште еден товар на грбот, навистина, самиот да преземе некаква одговорност во делот на функционирањето и на овој сегмент во Република Македонија. Меѓутоа, мислам дека нема сили и нема да биде подготвен да ја носи тежината на ова што се прави со овој закон, заради тоа што во функционирањето, како

сега што ги кажуваме забелешките и подоцна, доколку не бидат прифатени забелешките, односно амандманите на опозицијата, тогаш повторно нема да молчиме и ќе укажеме на истите грешки кои што ќе се појавуваат и намерно ќе се продуцираат во делот на одредени судски процеси кои што ќе се водат во делот на заштита на имотните права во Република Македонија.

Заради тоа, сметам дека многу посоодведтно е Државниот правобранител на Република Македонија, ако сакаме да го направиме орган во кој што ќе го зголемиме неговиот кредибилитет и капацитет, добро е, да го избира Собранието на Република Македонија, а државните правобранители да ги избира Владата на предлог на Државниот правобранител на Република Македонија, заради тоа што со изборот на Државниот правобранител на Република Македонија во Собранието на Република Македонија ќе може многу повеќе да дојдат до израз критериумите и моралните квалитети на таа личност која што треба да ја обавува функцијата Државен правобранител. Впрочем, на тоа ќе бидат упатени, заради тоа што овде ќе има контрола од страна на опозицијата и ќе мора да се внимава кој ќе биде поставуван за Државен правобранител на Република Македонија. Ако е намерата да се направи ваков орган, сметам дека Владата треба да има доблест да прифати една ваква концепција која што се нуди од страна на опозицијата. За тоа ќе разговараме во амандманската расправа.

Вториот елемент, за кој што сакам да говорам сега во оваа расправа е во делот на државните правобранители, или во делот на Јавниот правобранител и замениците јавни правобранители на подрачјето на Република Македонија кои што се во моментот.

Имаше една изјава на министерот за правда дека сите обвинители во Република Македонија се обвинители кои што се именувани во времето на владеење на СДСМ, дека тоа не се луѓе стручни, компетентни, туку се бирани исклучиво според политичка припадност, изјава за која што самиот тој можеби сакаше да прикаже дека лошо е разбран, дека не му била таа намерата итн. Меѓутоа, и македонската јавност и медиумите, и ние од опозицијата и со самиот овој закон што денес се нуди во Собранието на Република Македонија се покажува истата намера и тенденција за она што говоревме да се стави не една, туку две раце врз правосудниот систем во Република Македонија. Впрочем, таа причина што министерот Маневски ја изнесува во јавноста дека основно заради што ниту јавните обвинители, а и овде јавните правобранители, не можат да добијат траен мандат да си ја вршат сопствената функција, е заради тоа што ги бирале во некое друго време. Не ги бирале во време кога тој бил министер за правда.

Од друга страна, сакав да ни понуди аргументи дека тој ќе биде најнезависниот, како што беше независен претседател на Антикорупциска комисија, ќе биде и најнезависен министер, кој што ќе ги избере најстручните и најнезависни државни правобранители на Република Македонија и нема да зависат од неговото мислење во делот на водење на одредени постапки и ќе му верувам дека таму каде што ќе се загрози интересот на Република Македонија од страна на Никола Груевски, од страна на целата таа свита која седи во Владата на Република Македонија, Михајло Маневски ќе биде рамнодушен и ќе им каже на луѓето од Правобранителството, да, утврдете ја вистинската фактичка состојба и заштитете го јавниот интерес. Тоа е нон сенс и чиста глупост, на која што ниту мали деца нема да веруваат дека овој министер се залага токму за ваков еден државен орган.

Заради тоа, како и за Јавното обвинителство се залагаме сите досегашни заменици јавни правобранители во Република Македонија да продолжат да работат и да им се трансформира мандатот во траен мандат, се со цел, да не создаваме непотребен страв и напнатост во работењето кај Јавното правобранителство во Република Македонија, да не на ваков начин преку донесување на законски проекти им упатуваме сигнал дека треба сите оние кои што не го почитуваат мислењето, односно наредбата од страна на Михајло Маневски и ВМРО-ДПМНЕ, да си заминат, дури тој не ги разреши. Тоа е погрешен сигнал што ќе го упатиме не само до оваа институција, туку погрешен сигнал кој што веќе е прочитан од страна на Меѓународната заедница. И ова нема да биде еден плус во реформскиот процес, ќе биде еден голем минус и еден голем чекор назад. Веројатно, не би сакале да остварувате "Преродба во 100 чекори", ама назад. За овие година дена имаме многу чекори што се прават назад, со самото тоа што се, реков, донесуваат закони на број, нема напредок во овој дел. Затоа мислам дека треба да се размисли мандатот на овие луѓе да се трансформира во траен. Сите заменици јавни правобранители, дури и Јавниот правобранител, кој што не си ја врши совесно работата, кој што не ги почитува Уставот и законите на Република Македонија.

Има механизми врз основа на кои што тоа ќе може да се регулира во понатамошниот период и на начин да му престане функцијата онака како што е предвидено во законот.

Инаку, исто како и во Законот за јавно обвинителство и во Законот за државен правобранител се става мандат шест години. Мислам дека треба да биде искрен и министерот и Владата, да се стави мандат од четири години и да ја покажете намерата дека сакате јавниот обвинител и Државниот правобранител да се менува со секоја промена на власта. Не е тоа тенденцијата. Нема реформа во овој дел ниту напредок во овој процес. Едноставно ако само им пишеме мандат од шест години, а на првиот месец при промена на власта излеземе со една формулација - нестручно и несовесно вршење на сопствената функција, без нудење на никакви аргументи и ова Собрание да расправа неколку

дена се со цел да го разрешиме од чисто политички причини дајте да понудиме решение со кое што навистина ќе имаме избор на личност за државен правобранител на Република Македонија согласно наложбите за стручност, компетентност и независност во Република Македонија, а со тоа да имаме и ефикасност во заштита на правата и интересите на државата Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор господинот Аднан Јашари.

**Аднан Јашари:** Благодарам.

Јас ќе се потрудам накратко да кажам два-три збора во врска со законот за правобранителство, за јавниот правобранител или државниот правобранител. Уште од почеток ќе нагласам дека ставот во врска со концептот кој јас сум го замислил во врска со државниот правобранител е спротивен со тоа што е презентирано во овој понуден текст. Повеќе од вистина е дека во споредба со Законот од 1997 година со кој овој орган се сметаше како одредена служба и во оваа насока со понудениот текст од понудениот предлог има измени затоа што сега се предлага државниот правобранител кој е назначен да биде независен, самостоен државн орган, но има и друга вистина дека овој орган како што се случува во компаративното право и понатаму ќе биде зависен орган, а не самостоен независен орган. Вистината е тоа што го нагласив претходно и кое е нагласено во образложението дека во неколку држави во транзиција, посебно би нагласил во оваа насока постои еден концепт кој е презентиран во овој закон. Но во поголемиот дел, некаде 90% од државите посебно држави кои биле во транзиција но денес и кажаа збогум на транзицијата, како што е на пример Унгарија, Полска, Чешка, ово орган го имаат внесено во рамките на тоа што се вика правен систем и се смета како орган на правниот систем.

Има и една друга вистина, во економски развиените држави како што е на пример Швајцарија, Германија, Франција, Италија, државниот правобранител е орган кој учествува во делот на органите на правниот систем.

Законот од 1997 година го назначил како службен при Владата додека сега се назначува како самостоен орган. Врз основа на ова што е предложен овој орган и во иднина, иако е независен, но политички ќе биде зависен орган поради наинот на именувањето и неговиот избор. Нормално е во државите од транзиција овој орган да биде зависен политички орган, да биде зависен орган од Владата затоа што сите знаете дека државите во транзиција од почетокот на транзицијата се соочија со една значајна проблематика, како што беше проблематиката на трансформацијата на државната сопственост во приватна сопственост.

Целосно се согласив и ќе се согласам државниот правобранител како што е назначен и кај нас во оваа насока да биде политички зависен од Владата, а не апсолутно независен што во суштина значи дека во текот на овој процес требало да ја штити оваа трансформација. Но, и покрај тоа во услови кога процесот на трансформација на државната сопственост завршува, или веќе завршил за жал кај нас и понатаму не е завршен овој процес и посебно ќе нагласам, неслучајно ги нагласив државите од транзиција кои го завршија овој процес, овој орган е политички независен, ова е дел од правниот систем и токму поради ова прашање мое мислење или мој став во однос на ставот кој е предложен со овој текст на закон е спротивен. Мислам дека би било сходно предлагачот да предвидеше еден ваков став каков што е вграден во поразвиените држави економски, но и во државите кои и рекоа пријатно на транзициите и за една друга причина. Трендот во Македонија е врз основа на реформите на судската власт деполитизација на судската власт или на правниот систем во целина. Донесени се неколку закони, како што е Законот за судовите и Судскиот совет врз основа на кои дефинитивно се деполитизира овој орган или оваа власт. Сигурно дека во иднина очекуваме да ни дојде законот за јавното обвинителство, за советот на обвинители и мислам дека преку овие закони дефинитивно ќе и кажеме збогум на политизацијата на овие орга и мислам дека би било добро и овој Предлог на закон да биде инкопатабилен со текстовите на законите кои ги нагласив претходно.

Овие се некои од причините, имам забелешки и на текстот, за кои забелешки ќе земам збор кога ќе говориме за текстот на законот и за предложените амандмани од наша страна. Благодарам.

**Бесим Догани:** Има збор пратеникот Борис Кондарко. Повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам за зборот.

Во врска со овој закон за државното правобранителство на Република Македонија, кој Министерството за правда и Владата ни го предлагаат во образложението и причините за донесувањето на законот стои дека причините за донесување и потребата за уредување и дефинирање на правната положба на јавното правобранителство на Република Македонија се дека треба да се трансформира од служба на Владата на Република Македонија во самостоен независен државен орган, а врз основа на заклучокот донесен на 44-та седница на Владата на Република Македонија одржана на 21 март 2007 година.

Значи, ако основната интенција и политичка заложба и волја на Владата е да изградиме посамостојна, попрофесионална и понезависна државна институција во Република Македонија тоа Владата не треба само декларативно како образложение во причините да го наведува, туку навистина ова образложение треба да соодветствува и со содржината на одредбите од законот.

Дека тоа не е така и дека Владата повторно сака да се прикаже пред Европа дека ги јакне

институциите во Република Македонија односно дека наводно со овие закони вршиме усогласување по некои европски стандарди, а притоа Владата сака да си ја задржи политичката моќ и влијание директно или индиректно преку одредени одредби од законот се гледа во текстот на самиот закон.

Во сите битни одредби кои се однесуваат за изборот, именувањето, разрешувањето и за контролата односно понесувањето на одговорноста на јавниот правобранител и јавните правобранители во сите клучни одредби Владата повторно става своја рака и преку политичките инструменти ќе се обиде да остварува свое влијание во овие институции. Ние пред некој ден разговаравме овде и за еден нов закон за формирање на републички совет за мирно решавање на работни спорови, истата забелешка како и за овој закон за државно правобранителство опозицијата ја имаше и таму. Имено, Владата секаде сака директно, бесрамно да си го остварува своето политико влијание и тоа истовремено ни го прикажува како голема реформа. Не знам тогаш во што би се сотоела реформата, дали само во измената на насловот на името на законот, наместо јавно правобранителство, државно правобранителство. Значи, единствен симгол или синоним за државата или за државноста Владата во името на овој закон од јавно го претвара во државно и се става самата себеси како Влада, затоа што ако тргнеме од членот 9 каде што се вели дека државниот правобранител за својата работа одговара пред Владата на Република Македонија,

понатаму, членот 18 каде што државниот правобранител по предлог на министерот за правда го именува Владата на Република Македонија.

Членот 23 каде што се говори за условите за престанок на функцијата на државните правобранители се вели дека престанокот на функцијата го утврдува Владата на Република Македонија и секаде Владата.

Членот 34 државниот правобранител за работата одговара најмалку еднаш годишно и ја известува Валадата на Република Македонија.

Понатаму, што е многу битно, преодните и завршни одредби со кои Владата дефинитивно се покажува дека не сака да имаме независна институција, туку институција која по потреба ќе и служи на Владата, на извршната власт, на интересите на извршната власт за одредени партиски и политички цели.

Во членот 35 се вели дека јавниот правобранител и замениците на јавниот правобранител кои со отпочнувањето на примената на овој закон ја вршат јавнобранителската функција продолжуваат да ја вршат својата функција до истекот на мандатот за кој се именувани и тн. и тн.

Значи, ќе почнам да коментирам од крајот, од преодните одредби.

Ако навистина сакаме поголема професионалност и поголема самостојност на државното правобранителство тогаш Владата треба да се реши да дозволи трансформирање на мандатот на јавните правобранители во траен мандат. Зборувам за јавните правобранители, не за јавниот правобранител.

Значи, во ваква ситуација со постојни вакви законски решенија ние не сме постигнале никаков напредок, никаква форма. Останува просторот и се создаваат услови и оваа Влада и секоја наредна теоретски да има можност од евентуално остварување на својата кадровска политика и во правобранителството со тоа што по истекот на мандатот ќе си именува свои кадровски решенија, односно пред истекот на мандатот да си најде определени причини исто, или слично како што зборувавме за јавните обвинители, да ги менува пред истекот на мандатот за да со смената на секоја владеачка гарнитура на  чело на оваа институција да дојдат партиски кадри од партијата која победила на изборите. Се разбира, тоа не е во согласност со програмата и работата на оваа Влада. Тоа не е во согласност со интересите на Република Македонија, со целите, со условите кои треба да ги исполниме на патот кон европското интегрирање.

Понатаму, со ваквото решение доколку јавните правобранители немаат траен мандат самата институција се ослабува. Самата помисла дека некој што работи во правобранителството, смената на власта му се врши ревизија, политичка ревизија на неговата работа, а не стручна ревизија е доволно оптеретување за подлегнување на евентуално политички притисоци од било која извршна власт. Затоа вака институциите ќе ни бидат послаби и понестабилни.

Понатаму, ако државното правобранителство одговара за својата работа пред Владата, а не пред Собранието, тогаш автоматски не се зголемува неговата самостојност како што се наведува во причините на образложението на Владата. По дефиниција Собранието е и би требало да биде секогаш, затоа што постои застапена е и опозицијата, повеќе политички партии кои не се влезени во извршната власт и секогаш механизмот на контрола е поголем. Можноста за дебата по извештаите за работа на правобранителството се подобри и поголеми. Коалиционите партнери што ја сочинуваат Владата и извршната власт си имаат меѓусебно разбирање, нема потреба од никаква дебата, седниците на Влада со исклучок за маркетинг не се пренесуваат, така што може и извештаите за работата на правобранителството да поминат и без никаква дебата.

Понатаму, истото тоа важи и за разрешувањето на јавниот правобранител. Многу поголема ќе биде тежината доколкук за евентуални причини за разрешување дебатира и одлучува Собранието. Сепак тука и транспарентноста и одговорноста на законодавната власт е многу поголема. Во крајна линија повторно се даваат големи овластувања, моќ и дискрециони права што е спротивно на заложбата на Владата за намалување на

дискреционите права на носителите на функции, конкретно на министерот за правда каде стои во законот дека Владата го именува државниот правобранител токму на предлог на министерот за правда.

Ние, ќе видите подоцна и во амандманите на опозицијата нудиме едно поинакво решение каде што повторно не ја елиминираме сосема извршната власт, значи многу е пообјективно решението ако ни е тоа целта и предлагаме наместо министерот за правда Владата како извршен орган да го предлага кандидатот за државен правобранител додека изборот односно разрешувањето да се врши во Собранието. Значи, принципот на меѓусебна контрола со координација на властите ќе биде запазен.

Ова се клучните моменти и забелешки поради кои ние не се согласуваме со одредени решенија во законот принципиелно. Ова се всушност и клучните работи поради кои Владата би требало да пристапи кон поднесување на еден нов закон кој го нарекува реформски, а не само поради промената на името на институцијата од јавно правобранителство на државно правобранителство. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Кондарко.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за државно правобранителство.

Ќе почекаме да влезат пратениците, па ќе гласаме.

Ги повикувам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

(Нема доволен број)

(Минуваат минути на чекање)

Уште еднаш би ги замолил службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Бидејќи во салата се присутни 61 пратеник, заклучокот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(Реакција од пратениците од опозицијата дека нема 61)

Ги повикувам службите уште еднаш да ни достават точен број на присутни пратеници за да ги одстраниме сомнежите на опозицијата.

Значи без госпоѓата Авировиќ има 61, а со неа 62 пратеника господине Влатко Серафимов.

Значи гласаа 55 пратеника, сите 55 гласаа за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница а се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници гласаа 59, сите 59 гласаа за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа Судски совет едница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Аднан Јашари, Зумрете Јакупи, Џеват Адеми, Рафис Алити и Тахир Хани поднесоа амандмани на член 19 за додавање нов став 3 по ставот 2; на член 21 за додавање нов став 3 по ставот 2 и на член 30 за додавање нов став 2 по ставот 1; по кои Владата не се произнела.

Пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска поднесоа амандмани на член 15 за додавање нов ств 2 по ставот 1 и на член 24 за додавање нов став 3 по ставот 2, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски поднесоа амандмани на член 9 став 2, член 12 став 2; член 18 за менување на став 1; член 19 за менувње на став 1; член 21 став 1; член 23 за менување на став 2; член 25 ставови 1 и 2; член 34 за менување на став 1 и на член 35 за менување на став 2, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на 9 став 2, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда, повелете.

**Сашо Василевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитуван заменик министер, не ме изненадивте многу што не го прифативте овој амандман заради тоа што амандманот е сосема за една поинаква концепција, за концепција за каква вашето Министерство и министерот се залага да прави државен орган кој ќе биде реформиран и кој ќе ги исполнува целите.

Токму во таа функција амандманот на членот 9 на став 2 сакаме извештајот за работа да биде доставуван до Собранието на Република Македонија, а не до Владата на Република Македонија, согласно концептот што го предлагаме во наредните амандмани.

Ако досегашниот орган во состав на Владата го трансформираме во државен орган со намера да ги зголемиме неговите ингеренции, со намера да направиме самостоен стручен и независен орган, тогаш би било сосема нормално концептот на избор на државниот правобранител да биде во Собранието на Република Македонија, а со

самото тоа извештајот за работата на државното правобранителство да биде во Собранието на Република Македонија.

Инаку, во еден ваков случај ставаме избор на државен правобранител од страна на Владата да ги застапува државните интереси кои ќе бидат нарушени или кои не ги штитат министрите од истата Влада и извештајот за работа на државниот правобранител повторно доаѓа на оценка пред Владата на Република Македонија.

Реков и во излагањето тоа е чиста глупост што само овој министер за правда може да го измисли во Република Македонија и само една идеја која постојано се нуди на зборови дека се прават одредени реформи, а всушност имаме назадување на процесот на реформи во Република Македонија во правосудниот систем.

Дај боже да е само нашата перцепција и мислење на опозицијата, тоа е перцепција која постојано во извештаите ја нагласуваат сите релевантни институции, мислам меѓународни кои не следат во процесот на реформите.

Е на ваков начин нема да успееме да го забрзаме процесот и евроатлanskите аспирации на Република Македонија и на ваков начин мислам дека придонесот на министерот за правда не е во оваа насока. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Спасовски.

Има збор пратеникот Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам.

Еве сега конкретно да разјасниме по овој амандман на членот 9, во врска со одговорноста на јавниот правобранител која ја предвидувате во новиот закон.

Уште еднаш ќе ви го прочитам сопственото образложение на Законот во кој ги наведувате причините за неговото донесување, а кои немаат врска со реформа или со менување на статусот или подобрување на статусот на правобранителството.

Со амандманот предлагаме наместо правобранителството да одговара пред Владата, да му одговара на Собранието на Република Македонија.

Во вашето образложение како предлагачи наведувате дека треба да се трансформира правобранителството од служба на Владата во самостоен независен државен орган. Се извинувам, да ве прашам, со ваквиот член 9 кога тоа одговара единствено пред Владата и кога него го избира Владата во што ја гледате трансформацијата? Уште во самостоен и независен орган. Јас не знам институција да може да биде независна, ако нејзиниот раководител е прв човек именуван од Владата на Никола Груевски, а предложен од министерот за правда Михајло Маневски. Тоа повеќе асоцира на мвровизација или партизација отколку на трансформација и реформа во независен и самостоен орган.

Исто така во продолжението на вашето образложение како предлагачи велите дека со оглед на потребата на стручно, професионално, непристрасно, навремено и одговорно да се заштити државниот имот во согласност со зголемените надлежности утврдени со соодветни закони, неопходно е да се редефинира статусот на јавното правобранителство во согласност со современите тенденции, компаративните искуства на други земји итн.

Сега ве молам да ми одговорите дали современите тенденции и компаративните искуства на други земји се да се партизира правобранителството? Од каде го влечете трансформацијата на статусот ако статусот најмногу зависи од тоа кој го именува, кој го разрешува и пред кого одговара обвинителот и правобранителите.

Значи, го сменивте името на законот, се повикувате на некои зголемени ингеренции, во ред, сега нагло правите реформа, трансформација, го редефинирате статусот. Јас не знам што е тука редефинирано. Објаснете ми во стриот закон кој го избира правобранителот? Јас тука не гледам никаква промена. Нели ќе правите независни, самостојни институции за усогласување по европски теркови итн. Ништо од тоа господо од Владата. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Се јавувам во поддршка на моите колеги од СДСМ Цветанка Иванова и Оливер Спасовски иако атмосферата е таква што веројатно залудни се нашите укажувања, но професионалоста на функцијата што ја вршиме и одговорноста, без разлика што доаѓаме од опозиција не ни дава за право да премолчиме некои работи.

Многу пати сме ги цитирале сите претставници од Европската комисија кои укажуваа дека помина времето на просто носење на закони, туку многу поважна е нејзината имплементација. Не за џабе на првата страница од Извештајот на Европската комисија за прогресот на Република Македонија на патот кон ЕУ пишува дека донесени закони се важат оние кои имаат смисла за нивна имплементација.

Ова е еден типичен закон кој влегува во групата на закони за кои ние водиме евиденција, каде се злоупотребува европското знаменце. Таа листа, за жал, од ден во ден се зголемува и мора да ја изразиме загриженоста како пратеничка група на СДСМ дека таа листа се проширува и тоа не може да и донесе добро на Република Македонија.

Да го оставиме политичкиот момент зошто Владата се определи наместо да ги исполнува критериумите и да си наметне нови пет критериуми за почеток на преговорите, мислам дека и предлагачите на амандманот, но и колешката Мери Младеновска Ѓорѓиевска ги посочи клучните примери и аргументи зошто овој

закон само како алиби го има европското знаменци.

Владата во изјавата за усогласеност се повикува на Спогодбата за стабилизација и асоцијација која се бори за независност на судството, подобрување на неговата ефикасност и обуката на кадрите од правните професии, или на зајакнување на механизми за поголема независност. Веројатно укажувањето од оваа Спогодба и укажувањата на Европската комисија и Унија не се да се промени само името или да се променат просториите каде ќе се наоѓа државното правобранителство. Напротив, нејзината независност се обезбедува кога ќе се намали политичкото влијание на формирањето на институцијата или во овој случај амандманот се однесува на одговорноста и на кого дава отчет државнот правобранител.

Мислам дека и следниот амандман е разлика не во концепците што ги имаме помеѓу СДСМ и ВМРО ДПМНЕ, а тоа е целосна партизација што сака да се направи од страна на ВМРО ДПМНЕ, туку и доказ за немањето на европската агенда на агендата на Владата на Република Македонија.

Мислам дека немањето на кореспондентната табела на прописот, празните графи и усогласеност со изворите на правото на ЕУ станаа белег или имиџ на Министерството за правда. Веројатно мислат дека треба да се предадат празни, бидејќи станува симптоматично сите закони што доаѓаат од Министерството за правда се празни во оние делови кои треба најмогу да се пополнети, а тоа е изјавата за усогласеност на прописот со законодавството на ЕУ и соодветните кореспондентни табели.

Не можете да обезбедите поголема независност доколку и изборот и отчетот на државниот правобранител се прави спрема Владата отколку тоа да го прави спрема Собранието. Собранието ја има таа предност во една дебата и при изборот и при извештајот на државниот правобранител се направи анализа на она што се случува и јавноста да дознае како се работело или кои се пречките на кои наидува државното правобранителство.

Затоа, да не се зачудиме, кога ќе ни ги враќаат законите при процесот на проверка на напредокот на Република Македонија затоа што пре лесно си играме и со знаменцето и пре лесно си играме со изјавите и за усогласеност и за кореспондентните табели. За жал, и овој закон покажува дека Владата не сака да формира независни институции, дека Владата сака да може да контролира се што постои во Република Македонија и тоа не може да и донесе добро на Република Македонија, час поскоро ако го сфатат тоа парламентарното мнозинство, пред се Владата, мислам дека ќе биде добро.

Наместо Владата да организира трагачи и контролори на пратениците, мислам дека многу покорисно ќе биде да се извршува функцијата независно од Собранието, да се извршува функцијата согласно Уставот и да си ги завршува работите што согласно потпишаните европски партнерства на Република Македонија мора да ги прави, а тоа е да ги пополнува овие табели, што не за џабе стојат позади законот. Но, Владата во овој момент се решава да игра улога на инспектор врз пратениците, без разлика дали се од позиција или од опозиција и ако може да ги бајпасира во таа мера што и Жан Митрев да им позавиди и да постои само Владата единствена како тотем во Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Макрадули.

Има збор господинот Зоран Витанов, повелете.

**Зоран Витанов:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Јас навистина гледајќи го законот, особено гледајќи ги амандманите искрено очекував образложение од страна на заменик министерот, а не само од обично отфрлање, неприфаќање на амандманот, бидејки навистина ми треба тебело образложение за да ја сватам логиката како што законот овде предлага, бидејки сите ние декалпративно се залагаме, независно што се тоа и компатибилни потреби во однос на евроинтеграциските процеси, меѓутоа и логиката и горкото искуство од 17 години сепак ни налага да правиме закони кои ќе гарантираат и укинување на дискреционите права и поголема транспарентност. Во таа насока ценам дека е сосема логично тоа што се предлага со амандманот и наместо Владата, Собранието е тоа пред кого што одговара Правобранителството, а особено ако го имаме предвид следниот амандман односно да бидам поконкретен членот 18 од предложениот закон, каде вели: “Државниот правобранител по предлог на минситерот за правда го именува Владата на Република Македонија “. Нема дилеми дека овде имаме и дискреционо право, супстилно наметнато во ваквиот член и намалување на транспарентноста. Многу подобро е за сите нас, а верувам заменикот министер ќе образложи како е тоа во соседството, особено во земјите од Европската унија, ценам дека е многу подобро ако овде стои дека државниот правобранител по предлог на Владата го именува Собранието. Мислам дека на тој начин ќе обезбедиме и поголема транспарентност и поголема независност за што сите ние во ова Собрание се залагаме, за што зборувавме и пред изборите, а впрочем тоа го бараат и граѓаните на Република Македонија, бидејќи горкото исксутво во овие 17 години укажува дека насушна потреба имаме од транспарентнсот при било кое назначување, при било кое разрешување, а особено на вакви значајни функции кои што дирекно тангираат многу големи области во Република Македонија.

Сепак, правосудството во овие години беше најгорка страна, не знам дали ќе се сложат колегите од СДСМ, меѓутоа јас ценам дека нивниот рејтинг, пред се се должи на грешките што тие токму во правосудството ги правеа со дискреционите права и со партизација на судството. Добро е што сега чувме и такви

дискусии и имаме такви амандмани, бидејки сепак очекував и сеуште очекувамод заменик министерот по детално образложение зошто амандманот не се прифаќа, затоа што сум уверен дека ова е некомпатибилно со односно логиката наведува дека е тоа некомпактибилно со европските закони. Значи, очекувам од заемник министерот подобро образложение зошто се отфрла, иако јас би му апелирал да подразмисли, за да се прифати и овој и следниот амандман кој што се однесува на член 18 во Предлог законот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Витанов.

Има збор госпоѓа Ристана Лалчевска, повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе.

Со оглед на фактот дека во претпладневната сесија кога се расправаше по Предлогот, јас не бев во можност поради други средби со делегација од Франција да дебатирам по овој амандман, сега по повод овој амандман би сакал да изнесам некои дилеми и да сугерирам на можна корекција на членот 9. Членот 9 е клучниот член во законот, со оглед на целта која сакаме да ја постигнеме со носењето на овој закон, иако не спорно е дека треба да се донесе ваков закон и да се редефинира положбата на државниот правобранител. Ние всушност сакаме државниот правобранител со овој закон од позиција да го трансформираме од служба во фаза на самостоен независен орган. Ако тоа сакаме да го направиме, треба да избереме соодветни механизми, кои ќе му обезбедат и ќе му ја осигураат таквата положба.

Во Предлогот на законот, онака како што е дадено решението дека го бира Валдата, дека државните правобранители по предлог на државниот правобранител ги бира Владата, ги разрешува Владата и одговараат пред Владата за својата работа, таков концепт, простете, меѓутоа не обезбедува самостојност и независност на тој орган. Во демократскиот свет постои нешто што се вика чекен баланс меѓу властите, па потребно е и во овој случај да постои механизам кој ќе обезбеди можност за транспарентно работење на овој независен и самостоен орган. До колку одлучиме за концепт во којќе го вклучиме и Собранието, тогаш да, да, сме се приближиле кон еден самостоен и независен орган. Зошто? Затоа што вака ние го затвораме кругот, прво државен правобранител и немаме увид од другите државни органи, пред се Собранието што и како ќе се работи во овој орган.

Амандманот кој го предлагаат колегите предвидува наместо на Владата да му одговараат на Собранието. Меѓутоа, таквото одговарање на Собранието, јас мислам дека концепциски добро не е изработен амандманот, иако е во таа насока, потребно е на Собранието државниот правобранител да му доставува годишен извештај за својата работа, покој ќе расправа Собранието и нормално дека усвојувањето на извештајот ќе ја потврдува исправноста на неговото работење, а неговото неусвојување би повлекувало последици, за кои би размислил оној што го бира, односно Владата дали ќе го разреши или нема да го разреши. Тогаш,навистина ќе воспоставиме механизам на чекен баланс меѓу властите и ќе имаме контрола и транспарентност на работата на овој навистина значаен орган, кој што треба пред се и над се да го штити интересот на државнио тимот на Република Македонија. А, за државниот имот на Република Македонија не може и не треба да биде загрижена само Владата, туку треба да бидат загрижени сите државни власти односно и Собранието да биде вклучено во овој процес.

Јас му предлагам на предлагачот, до колку цени како што се изјасни дека не го прифаќа овој амандман, можеби технички не е доволно обработен, до крајот на расправата да размисли за можност за поднесување на извештај до Собранието што ќе го разгледа и преку ваков механизам ќе се воспостави чекен баланс меѓу властите секако и транспарентност. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Има збор госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Дискусијата по овој амандман покажа навистина дека законот нема концепт. Едноставно нема концепт заради тоа што нема ни соодветна структура од која што ќе произлегува тој јасен концепт. Јас нема да ги повторувам концептите и разликите во концептите што постојат во други земји, бидејки тоа не ни го достави како материјал, па мораме ние пратениците нашите сознанија што ги имаме да ги изнесуваме, затоа што од една страна се залажуваме или Владата настојува да ги залажува пратениците дека ќе се зајакне независноста во правобранителството, а од друга страна ги зајакнува ингеренциите на Владата, прво, преку предлагањето на државниот правобранител од страна на министерот за правда и изборот од страна на Владата, а потоа и во однос на одговорноста, директна одговорност на државните правобранители пред Владата и на државниот правобранител. Навистина се чудам како може после дискусиите и по текстот на Предлогот за донесување на закон и по овој амандман, наместо заменик министерот да настојува да ни одговори на прашањата што ги поставивме и во однос на концептот и во однос на другите прашања, тој мирно си седи во Парламентот, чекајки само мнозинството во Парламентот да гласа за овој закон. Јас нависитна очекував барем да ни биде одговорено зошто Владата смета дека законот не може да оди во две фази, а кажав која е основната причина. Основната причина што со носењето на овој закон правиме ретрограден процес во однос на називот на оваа институција, од јавно правобранителство, сега го претвораме во државно правобранителство карактеристично како термин за тоталитарните системи. Зарем Владата смета дека не треба да одговори на ова

прашање. Но, наместо тоа еве се соочуваме сами со себе да дискутираме пратениците, бидјеки Владата апсолутно не сака да земе збор во оваа дискусија, чекајки да се изгласа законот, а ние сега се соочуваме самите со себе да најдеме решение како грешките што се направени од страна на Валдата да се надминат. Па и под претпоставка да се уважат овие амандмани или со гласање од страна на пратениците, бидејки претставникот на Владата ги одбива повторно нема да се постигне целта. Единственото решение е само законот да оди во прва фаза. На крајот, јас еве како и за други закони за кој што дискутирав дкеа ќе имаме проблеми со имплементацијата, ќе се соочиме наместо содобра имплементација на законите,повторносо поднесвуање на нови предлози за измени и дополнувања, заради тоа што тоа што функционира не е добро. Како ше одговори Владата на Европа и што ќе каже зошто го воведува терминот државно правобранителство, што сите земји од Источна европа го напуштаат. Тоа само го покажува начинот на работа и на размислување на Владата, тоталитаристички и управување само од еден центар исклучиво врз основа на политички и партиски интереси, ништо поинаку. Затоа сметам дека овој закон нема да овозможи ниту стручно, ниту непристрасно, ниту навремено, ниту одговорно работење, како што заменик министерот истакна во своето образложени. Каква е таа непристрасност што ќе биде овозможена преку директна одговорност за правобранителите пред Владата. Јас ќе разберев дека треба да одговараат пред Владата, ако не не залажувавте дека тој орган во иднина ќе бил независен и самостоен. Требаше да кажете, да орган,служба на Валдата и т.н. и ќе одговараа пред Владата, па тогаш ќе беше јасен концептот. Но, вие сега немате концепт, едноставно си поигрувате со пратениците. Какво одговорно постапување или навремено, сето тоа ќе биде под директива на Владата. Кажете јасно дека тоа е вашиот став. Директно министерот за правда како што го управува сега и обвинителството, да го управува и правобранителството и дефакто еве и во претходниот Закон тоа се случува, барем да знаеме и да се соочиме со реалноста таква каква што е. Немојте овде да ни прикажувате самостојност, независност, а сосема нешто друго да правите.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, би ги повикал пратениците, кои се надвор од салата да влезат во салата.

Бидејки во салата се присутни 66 пратеници, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 60 пратеници, од нив 20 гласаа за, 2 воздржано, против 38 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворм претрес на член 12 став 2 поднесен од пратениците Цветанка Иванов аи Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда.

**Сашо Василевски:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворм претрес по амандмнот на член 15 за додавање на нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда.

**Сашо Василевски:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворм претрес по амандмнот на член 18 за менување на став 1 поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда.

**Сашо Василевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Збор има господинот Кондарко Борис, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам за зборот.

Амандманот на членот 18 став 1 гласи дека државниот правобранител на предлог на Владата на Република Македонија го именува Собранието на Република Македонија. Додека во текстот на законот во членот 18 став 1 на кој предлагаме амандман, Владата предвидува државниот правобранител по предлог на министерот за правда го именува Владата на Република Македонија. Значи, повторно неговото височество министерот за правда има главна улога во правосудството во Република Македонија, во правосудните институции, во правобранителството, секаде, во Академијата ни помогна колегата Велјановски за обука на судии обвинители, член е по службена должност. Понатаму, член е по службена должност во Судскиот своет на Република Македонија и таму има влијание и удел за избор и разрешување на судии, сега се предлага да биде и во Советот на јавни обвинители, во судско буџетскиот Совет исто така и на крајот да го предлага како дискреционо право по негова волја и државниот правобранител на Република Македонија и на неговиот предлог Владата да го избира. Цело време говориме за поголема независност, самостојност, пред малку јас го цитирав образложението на Владата каде што таа се повикува на редефинирање на статусот на

трансформација од служба на Владата во самостоен и независен орган. Сега ќе биде бетер од она што беше. Ако било до сега служба на Владата, сега ќе биде лична служба приватна на министерот за правда или ако сакате на господинот Михајло Маневски, по прецизно кажано. Внимавајте господа од Министерството за правда кога пишувате вакви фартични образложенија кои немаат врска со реформи, немаат врска со содржината на текстот на законот. Ако ние бараме поголема самостојност на институциите, тоа овде не го говори само СДСМ, видовте и од две други коалициони владини партии поинакви дискусии, во прилог на подршка на овие амандмани. Всушност и гласањето го покажа тоа, само ВМРО-ДПМНЕ тоа не го разбира односно не му одговара да си го испушти своето партиско и кадровско влијание во овие државни институции. Ако државното правобранителство е надлежно да го штити државнио тимот, тогаш ве прашувам дали и за тоа одговара пред Владата на Република Македонија, не пред Собранието.

Тогаш, ве прашувам зарем Собранието е помалку способно, зарем Собранието како државен орган да го штити државниот имот, зарем е помалку заинтересирано од Владата? Од што се плашите, од дебата Собранието за овие работи, затоа што мислите дека во Владата владее едно едноумие и владее идила и нема кој да ви се спротивстави таму на желбите на премиерот и на желбите на министерот на кого му ја има отстапено оваа сфера на влијание и на моќ и така сето тоа по партиска линија да се контролира, да се спроведува итн. Значи, Владата на овој начин уште еднаш покажува не само што се става над Собранието, туку директно го понижува Собранието по сите основи. Се доведува во прашање, дали воопшто правиме реформа, туку зошто Собранието носи закони ако по овој принцип се раководи Владата. Тогаш, Собранието како нужно зло треба само да ги аминува и без расправа законите на Владата. Тогаш, може и да не постои Собранието, самата Влада, па дури не мора ни седница на Влада, премиерот има доверба во министерот за правда, го озаконува тоа, му дава овластување, дискреционо право, му ја зголемува моќта, не мора ни на седница на Влада да поминува, или премиерот нека ги потпишува со указ законите, не мора да има дебата, гласање во Собранието, па да се мачиме овде, да правиме кворум итн. Се губи смислата на секоја цел на донесување на законот, на секоја реформа, се злоупотребува европското знаменце, се замајуваат граѓаните на Република Македонија кои во крајна линија во остварувањето на своите права ќе трпат од самоволието на Владата и од партизацијата на владините институции.

**Бесим Догани:** Има збор Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Неприфаќањето на овој амандман со кој се предлага државниот правобранител на предлог на Владата да го именува Собранието на Република Македонија, само уште еднаш го потврдува цврстиот став на Владата да ги контролира институциите во Република Македонија, сите институции кои што и досега дефакто ги контролира, но сега еве, да се овозможи дополнителни рамки предвидени во законот. Ако наведувате во образложението дека потребни се реформи поради пасивното однесување на правобранителите и дека сметате дека овој закон ќе го смени тоа нивно пасивно однесување, дека ќе бидат поактивни, за нас потврда врз основа на решенијата во законот е дека само наместо да бидат поактивни во интерес на интересите на Република Македонија, имотот на Република Македонија, правобранителите ќе бидат активни исклучиво врз основа на директива на министерот за правда. Јас споменав, не е проблем ако имаме концепт дека Владата треба да го контролира правобранителството. Меѓутоа, ако тој концепт е јасен, ако се знае дека Владата ги именува, Владата ги разрешува, пред Владата одговараат, но дека имаат обврска да ги штитат интересите на Република Македонија и тоа да се направеше со законски решенија кои ќе ја зајакнат одговорноста на правобранителите во однос на превземањето на дејствијата. Но, ако единствено нешто што предизвикува причини за реформи и за нов закон е кадровската неекипираност и проблемите со кадрите, сметам дека овој закон најмалку ќе ги реши тие прашања. Едноставно правите обид само да прикажувате фризирани резултати пред јавноста, а всушност зад тоа да се крие нешто друго. После донесувањето на овој закон ќе следи прес конференција, изјави во кои што ќе биде соопштено пред македонската јавност дека еве, Владата донесе уште еден закон што ќе овозможи јакнење на институцијата Правобранителство на начин што тој ќе биде во иднина самостоен и независен. А замислете претходно СДСМ кога бил на власт, тој орган бил служба на Владата. На јавноста тие прашања не и се доволно познати освен на стручната јавност. Но, ние сега зборуваме за сите граѓани на Република Македонија. Вашите приказни и вашите подметнувања стручната јавност, барем во сферата на правдата ги чувствува на својата сопствена кожа. Меѓутоа, ќе настојувате да добиете поени пред македонската јавност, дека еве, сега правите нешто револуционерно и дека Владата нема да има никаква врска со државниот правобранител кој ќе треба да работи исклучиво врз основа на закон. Но, нема да ги соопштите на прес конференција одредбите кои што велат дека правобранителот одговара директно пред Владата, дека и другите државни правобранители за својата работа одговараат пред Владата. Тогаш, каде е независноста. Навистина се прашувам, каде е независноста? Ако не одевте по логика за употребата на термините за што споменав, ќе не однесат назад, употребата на терминот државно правобранителство, барем требавте да одите по логиката, ако сакате навистина јакнење на самостојноста и независноста тоа да биде адекватно како што е и за други органи, изборот да биде во Собранието. Никој не може да ви поверува дека сакате да ја

зајакнете независноста, а притоа да оставите изборот да се врши во рамките на Владата на предлог на министерот за правда за државниот правобранител. Навистина тоа е една крајно дволична игра и крајно неодговорно пред граѓаните на Република Македонија. Затоа сметам дека решението што еве веќе ќе остане доколку не се изгласа, овозможува присвојување на правобранителството директно од страна на Владата и Министерството за правда. Едноставно според сето тоа што е наведено, членови што се наведени како одредби на законот, наместо да ја јакнат независноста на Правобранителството, ја јакнат уште повеќе зависноста и од Владата и од министерот за правда. Затоа колеги пратеници апелирам до вас барем во некои ситуации кои што се навистина значајни да излезете од партиските шеми и директиви што ги имате. Иако свесна сум дека сами знаете дека понуденото решение во амандманот е добро и да гласате така како што ви налага совеста, да го прифатите амандманот и да овозможиме навистина Правобранителството со изборот на правобранителот во Собранието, барем малку да се оттргне од таа состојба која што Владата настојува да ја воспостави.

**Бесим Догани:** Има збор господинот Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Ова е еден од амандманите за кој што говоревме во разликите за концепции, впрочем остварување на концепцијата која што ја имате напишано во образложението по овој закон, во причините за донесувањето на овој закон итн. Ние со колешката Цветанка Иванова која што има работено долги години во Јавното правобранителство на Република Македонија, во консултациите што ги правевме со луѓето од фелата, навистина ако сакаме да направиме чекор напред кон зајакнување на позициите на Јавното правобранителство навистина не е доволно да го смениме само називот во државно правобранителство, заради тоа што единствено нешто што е направено е смената на називот. Инаку, сето друго, еве и според одредбите на членот 18 во кој што стои дека државниот правобранител по предлог на министерот за правда го именува Владата на Република Македонија. Уште еднаш се укажува на она што и досега беше искажано од многу луѓе во Република Македонија и од стручната и од научната јавност, дека полека но сигурно сегмент по сегмент се става рака над правосудниот систем во Република Македонија и се концентрира моќта во еден човек, а тоа е министерот за правда. И на таков начин ќе сакаме да оствариме независност во судството или независност во еден ваков орган за кој што Владата на Република Македонија констатира дека има пропусти во работењето, дека недоволно ефикасно ги штити правата и интересите на Република Македонија итн. Со самиот предлог кој што го предлагате во Законот за државно правобранителство самите себеси си се негирате. Нема ништо од ефикасното работење, ако државниот правобранител биде именуван по предлог на министерот за правда од страна на Владата на Република Македонија. Нема апсолутно никаков аргумент плус, со кој ќе ме убедите мене, ама и ќе ја убедите македонската јавност дека сегашниот јавен правобранител е позависен кој што го бира Владата на Република Македонија, а идниот државен правобранител ќе биде понезависен само со тоа што ќе се вика државен правобранител, а исто ќе го предлага, односно ќе го бира Владата на Република Македонија, а директен предлагач, или тутор, или оној што ќе го бира ќе биде Михајло Маневски. Никој веќе не верува на тие приказни. Полека, но сигурно доаѓа времето кога ефектите кои што толку бомбастично ги прикажувате во јавноста како Влада за наводни реформи или остварени резултати, паѓа во вода. Година дена веќе од формирањето на Владата, или од преземањето на власта до денеска апсолутно нема ништо друго променето освен многубројните реклами кои што ги гледаат граѓаните на Република Македонија. И тука сакам низ еден пример, еве да си поставам прашање, јас самиот да поставам прашање на преставникот на Владата, на министерот за правда, на граѓаните. Има една ситуација во која што на седница на Владата на 26 јуни 2007 година на затворена седница донесена е одлука за одземање на сите објекти што беа дадени од Министерството за одбрана на општините во Република Македонија, на Куманово, на Гевгелија, на Струмица, на Ресен итн, касарната во Охрид, во Тетово, кои што беа децентрализирани на некој начин во процесот на децентрализација, имајќи предвид дека тие се градени со придонес на граѓаните на Република Македонија и граѓаните на овие општини и се даваат во надлежност на Министерството за транспорт и врски. Што ќе се случи ако ова исто Министерство го оутѓи овој имот кој што сега го зема од општините во кои што се предвидува изградба на слободни економски зони, нови вработувања итн и биде доделено на некои субјекти од икс причини кои што можат да се наведат во Република Македонија. Како тој државен правобранител на Република Македонија кој што ќе го предлага Михајло Маневски, ќе го избира Владата ќе покрене постапка за заштита на имот против министерот за транспорт и врски и таа постапка ќе биде легална, ефикасна и таквото нешто ќе се спречи, на тој начин ќе се заштити интересот на државата и интересот на граѓаните на Република Македонија, или ќе ги заштитиме средствата кои што биле дадени во изградба на ваквите објекти. Невидена глупост. Мислам дека такво нешто нема да се случи никогаш, туку напротив тој министер за правда кој што предлага вакво решение ќе треба да носи еден голем товар во тоа време и кога ќе излезат сите работи кои што ќе треба да се случуваат понатаму, треба да даде одговор овде пред Собранието и пред македонската јавност, како ќе успее да заштити

преку државниот правобранител, кој му е приоритет да го штити, дали да го штити министерот, или да ги штити граѓаните и интересите на Република Македонија. Тенденцијата е нешто друго да во даден момент се штитат одредени функционери и државни функционери во Република Македонија. Заради тоа реков со колешката Иванова предложивме еден концепт кој што ќе значи независност, самостојност и стручност на овој орган, ако државниот правобранител на Република Македонија биде именуван од Собранието на Република Македонија. На таков начин ќе дојде до израз и транспарентноста во овој орган, ќе дојде до израз и квалитетот во заштита на имотот на државата. Мислам дека Владата застапува еден погрешен концепт, или привидно се покажува дека не може да согледа дека греши. Впрочем, сите негативни примери кои што ги наведувавме во досегашниот период или кои што беа наведувани од страна на тогашната опозициона ВМРО-ДПМЕ во Република Македонија дека ваквите органи под директна контрола на владеачката гарнитура во Република Македонија не допринесуваат за заштита на правата на државата. Сега се нуди исто такво решение со кое што сакате да не убедите и нас и македонските граѓани во совема спротивното, дека сегашниот државниот правобранител под контрола на Михајло Маневски ќе биде голем заштитник на правата на државата и на интересите на граѓаните на Република Македонија. Нема да не убедите ниту нас, ниту граѓаните. Едноставно можеше да изразиме подготвеност за ваков концепт со прифаќање на еден ваков амандман. Меѓутоа, бидејќи Владата има таков став каков што има, очигледно ориентирана да штити сопствени функционери, а не интереси на Република Македонија, тогаш мислам дека одговорноста паѓа врз пратениците од ВМРО-ДПМНЕ самите да проценат, дали е во нивен интерес да имаме државен правобранител во Република Македонија кој што ќе ги штити интересите на граѓаните на Република Македонија, или ќе се заложите и вие да имате јавни правобранители како оној од Кочани кој што беше со кривична пријава и со судски процес токму за злоупотреба на службената положба и овластување и на злоупотреба на службената положба и овластување во заштита на јавниот интерес што го поставив како пратеничко прашање за кое што сеуште немам добиено никаков одговор. Ако е тоа интенцијата и на парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ, тогаш мислам дека и вие господо кои што давате мандат на Владата на Република Македонија се водите од определбите на Михајло Маневски за ставање под директна контрола на целиот правосуден систем и на заштита и на промоција на коруптивните методи и елементи во Владата на Република Македонија, а со тоа укажувате јавно дека не сакате да се борите против криминалот и корупцијата во Република Македонија и не сакате да ги штитите интересите на граѓаните. За да ме убедите во спротивното не треба многу. Едноставно да гласате за овој амандман, да преземеме како Собрание поголема одговорност од онаа која што ја превзема Владата во Република Македонија, заради тоа што и нашата одговорност дефакто е поголема, одговорност која што ни ја дале граѓаните на Република Македонија, а не еден дел од пратениците од парламентарното мнозинство што му ја дадовте на министерот Михајло Маневски. Тој може да размислува така, може да размислува да си ги штити сопствените позиции и позициите на сопствените колеги во Владата и на другите државни функционери, или премиерот Никола Груевски, меѓутоа вие и јас со вас заедно сме задолжени исклучиво да ги штитиме интересите на граѓаните на Република Македонија, оние кои што ни дадоа можност денеска да расправаме во Собранието на Република Македонија.

**Бесим Догани:** Има збор господинот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Само да појаснам, затоа што овој амандман и наредниот се најважните во врска со овој закон. Ако не бидат прифатени, тогаш паѓаат и депласирани се сите останати амандмани. Значи, за да се види принципиелноста и искрениот пристап за да направиме понезависна и посамостојна институција во што е суштината на амандманот. Ние не ја елиминираме во целост Владата и извршната власт од овој процес на предлагање на државниот правобранител, туку наместо предлагањето и изборот овие две компоненти да бидат содржани заедно во Владата, предлагањето од министерот, изборот од Владата, ние предлагаме Владата да учествува во првата фаза, во делот на предлагањето, а Собранието да го врши конечниот избор.

Со тоа, согласно поставеноста на нашиот уставен систем, ќе го имаме максимално добриот објективен баланс и за контрола, но и за упатеноста за соработката на властите. Впрочем и Собранието како законодавна и Владата како извршна власт, како и во секоја држава, подеднакво се заинтересирани да го штитат државниот интерес, државниот имот. Затоа согласно и со принципите на хиерархија и со координираност на властите, овој предлог е многу поиздржан отколку предлогот кој го дава Владата, кој асоцира на партизација и на тој начин само оние што се блиски, лични или партиски со премиерот, со министерот за правда, ќе бидат во можност да имаат шанси да бидат избрани на оваа функција и преку тоа да се партизира работењето на целата институција. Благдоарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат за да гласаме.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата има доволен број на пратеници.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам на гласање.

За амандманот гласаа 63 пратеници, 16 гласаа за, 1 воздржан, 46 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 19 за менување на став 1, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда.

**Сашо Василевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Овој амандман Владата не го прифати. Навистина очекував, како што говорев за претходниот амандман дека ќе преовлада силата на аргументите, погрешната концепција на Владата на Република Македонија и на министерот Михајло Маневски, да биде исправена од страна на народните избраници од ВМРО-ДПМНЕ. Меѓутоа, тие само слепо ја следат политиката на Груевски и на Маневски, не смогнаа сили да прифатат еден амандман со кој концептуално ќе се подобри овој закон со кој ќе се зајакне капацитетот на институцијата, јавен или државен правобранител и конечно ќе застанеме во одбрана на интересите на Република Македонија. Од тие причини, бидејќи не се прифати еден ваков концепт, туку слепо се стои зад концептот кој знаи не заштита на државата, туку заштита на позициите на државните функционери, јас овој амандман го повлекувам.

**Бесим Догани:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 19 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Аднан Јашари, Зумрете Јакупи, Џевад Адеми. Рафис Алити и Тахир Хани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда.

**Сашо Василевски:** Владата го прифаќа амднамнот.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 21 став 1, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за права.

**Сашо Василевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор пратеникот Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Од истите причини, во името на предлагачите го повлекувам амандманот.

**Бесим Догани:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 21 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Аднан Јашари, Зумрете Јакупи, Џевад Адеми, Рафис Алити и Тахир Хани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда.

**Сашо Василевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Тахир Хани.

**Тахир Хани:** Благодарам.

Очекував дека претставникот на Владата и на соодветното Министерство да дејствува на ист начин како што дејствуваше и по претходниот амандман. Убеден сум дека амандманот кој го предлага парламентарната група ДУИ-ПДП се однесува на употребата на албанскиот јазик и во духот на Охридскиот договор, е во духот на амандман 5 од Уставот на Република Македонија и мислам дека треба да имаме еден сенс за разбирање, бидејќи како што е познато ние се надеваме дека овој амандман треба да се прифати со цел избраните во државното правобранителство свечената изјава да ја дадат и на јазикот на заедниците кои сочинуваат 20% од населението на Република Македонија. Дефакто тоа ќе помогне во правец на добро разбирање во државата и за создавање на поповолна клима за законот кој ќе следи за одреден временски период, а тоа е законот за албанскиот јазик. Затоа се надевам дека во тој правец ќе имаме поддршка од албанските пратеници во овој парламентарен состав, со што ќе се создаде едно разбирање дека ќе имаме поддршка околу амандманот за кој станува збор, при што ќе се создаде можност правобранители кои ќе бидат претставници на албанската заедница, својата свечена изјава да ја дадат на својот јазик.

На крајот сакам да завршам со убедување дека ќе имаме разбирање од страна на пратениците и дека при гласањето ќе имаме поддршка во однос на овој амандман. Благодарам.

**Бесим Догани:** Има збор господинот Сафет Незири.

**Сафет Незири:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, анализирајќи го во целост овој закон и во функција на подобрување на овој закон преку овој наш амандман предложен од парламентарната група ДУИ-ПДП и вршејќи една корелација или поврзаност со претходниот амандман на член 19 кој беше прифатен, мислам дека е во континуитет со првиот амандман во правец на тоа да се спроведе или да се практикува амандманот 5 од Устврот на Република Македонија каде на дециден начин се

дефинира употребата на албанскиот јазик, посебно кога се говори за употебата на јазикот на заедница која има најмалку 20% од вкупниот број на жителите на Република Македонија. Јас не гледам ништо спорно со овој наш амандман, посебно каде се говори за давање на свечена изјава, со кој текст ќе се направи преводот така што текстуалниот дел од свечената изјава, од македонски јазик ќе се направи на албански јазик, што значи дека го покажува континуитетот на доверливост и во сочувување на овој континуитет и политичкиот систем на Република Македонија и уставноста на нашата држава. Со ова само доаѓа до релаксација на односите и релаксација на тоа што е условност, нормално и во сензибилизацијата и примената, кога ќе се донесе законот за употреба на албанскиот јазик. Мислам дека со ова не дека ќе се направи некое унапредување на албанските права, но ќе се направи тоа што се нарекува практикување на тоа што е резултат на една уставна постапка. Мислам дека треба да има едно разбирање во оваа насока, посебно од парламентарното мнозинство, од сите пратеници, без оглед на нивната етничка припадност, се разбира и политичка припадност и да се даде поддршка на овој амандман на член 19 и член 21 од овој закон.

**Бесим Догани:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 51 пратеник, 13 за, против 38.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 23 за менување на став 2, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Оливетр Спасовски

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда.

**Сашо Василевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор пратеникот Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Овој амандман го поднесовме во функција на ова што го говоревме и за именувањето на државниот правобранител на Република Македонија и на државните правобранители. По истиот принцип се предлага со амандманот државниот правобранител да биде разрешен од страна на Собранието на Република Македонија се со цел за остварување на оној концепт за што се залагаме ние, а впрочем искажана и некаква заложба на Владата која само е декларативна. Жалам што ваквиот концепт не е интересен за Владата на Република Македонија. Од тие причини ќе го повлечам овој амандман со констатацијата дека понатаму државните правобранители ќе останат заробени во интересите на члeновите на Владата.

**Бесим Догани:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 24 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Сашо Василевски:** Владаа не го прифаќа амандманот.

**Бесим Догани:** Амандманот не е прифатен.

Има збор госпоѓа Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Со оглед на концептот, почитуван потпретседателе, кој го понуди Владата со овој закон, сметавме дека овде треба да се интервенира во правец на некаква контрола на работата на државниот правобранител. Согласна сум дека можеби ова решение не е најсоодветно вака како што сме го понудиле, но и не гледам друг начин како тоа да го направиме. Значи амандманот го дадовме во правец на оценување на работата на државниот правобранител од страна на независни луѓе и стручни луѓе. Но со оглед на тоа што и огромен број други амандмани во овој правец не беа прифатени, сега станува збор за друг концепт и јас овој амандман го повлекувам.

**Бесим Догани:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 25 ставови 1 и 2, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда.

**Сашо Василевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Бесим Догани:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Го повлекувам и овој амандман со истото образложение.

**Бесим Догани:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 30 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратениците Аднан Јашари, Зумрете Јакупи, Џевад Адеми, Рафис Алити и Тахир Хани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда.

**Сашо Василевски:** Владата го прифаќа амандманот.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел по текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 34 за менување на став 1, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда.

**Сашо Василевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор пратеникот Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Благодарам потпретседателе.

Со овој амандман предлагаме државниот правобранител најмалку еднаш годишно да го известува Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија за својата работа, се со една единствена цел да имаме поголема контрола од страна на Собранието на Република Македонија и работата на државното обвинителство да биде потранспарентна. Меѓутоа, нема услови за такво нешто, нема желба ваков концепт да профункционира во оваа институција и од тие причини го повлекувам и овој амандман.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 35 за менување на став 2 поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за правда, повелете.

**Сашо Василевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господинот Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе мислам дека овој амандман треба да предизвика интерес кај пратениците. Реков дека ако една изјава на министерот за правда од типот дека сите обвинители се категоризирани како припадници на една политичка групација која била на власт во времето на нивното именување, за што имаме жестоки реакции од страна на обвинителството, мислам дека неговата интенција да квалификува одредени институции како блиски до некоја политичка опција, или намерата до крај да ги партизира овие институции продолжува и во овој закон за државното правобранителство на Република Македонија.

Поднесовме амандман со кој што предлагаме замениците јавни правобранители да имаат траен мандат во извршувњето на функцијата. Доколку некој од правобранителите не ја врши совесно функцијата постојат механизми и начини како и на кој начин да му престане функцијата.

Мислам дека со предложеното решение за генерален реизбор во правобранителството уште еднаш се упатува сигнал за послушност на замениците јавни правобранители во Република Македонија ако сакаат да продолжат со понатамошната работа. Имплицира на тотално партизирање на државното правобранителство во Република Македонија.

Ако не е намерата таква и на парламентарното м нозинство би ги повикал колегите од ВМРО ДПМНЕ да го поддржат овој амандман, да обезбедиме траен мандат на јавните правобранители кои што ќе продолжат да работат со новиот закон за државно правобранителство и на тој начин да направиме еден исчекор вистински во делот на департизацијата на овие институции. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Спасовски.

Има збор господинот Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** И јас накратко да кажам дека ова е еден од најважните амандмани кои Владата ги одбива, не ги прифаќа околу мандатот на замениците на државните правобранители.

Нешто лично како и за преговорите кои се во тек помеѓу власта и опозицијата за Законот за јавно обвинителство кај мандатот на замениците јавни обвинители опозицијата го застапува принципиелно и во овој закон истиот став дека нивниот мандат треба да биде трансформиран во траен и затоа го предлага овој амандман.

Меѓутоа, министерот за правда во една изјава пред некој ден практично самиот се издаде и ја кажа позадината дека зад ова прашање стои политика и дека Владата ги пушта своите прсти на тој начин што сака да влијае на овие државни институции, како на Обвинителството, така сега и на Правобранителството неприфаќајќи го предлогот и амандманот на опозицијата.

Ако сакаме навистина исntитуциите да бидат независни и самостојни покрај начинот на избор мандатот за кој говориме сега, по овој член, по овој амандман е една од клучните работи кои ги квалификуваат институциите дали се подложени на политичко влијание, до кој степен се независни итн. итн.

Значи, со мандат кој не е траен секогаш замениците правобранители ќе имаат опасност и ќе постои кај нив ризикот со смена на политичката гарнитура односно на извршната власт секогаш може да најде причина или за предвремен престанок на мандатот, или кога ќе биде генералниот реизбор не од стручни, не од професионални, туку од политички причини Владата да им го ускрати повторниот избор.

Ако се сеќавате пред десетина и повеќе години ова беше една од главните реформи и во судството кога мандатот на судиите се трансформираше во траен. Значи, со вакво решение Владата наместо да се залага за осамостојување на институциите директно ги ослабува и ги прави нестабилни. Значи, тоа не е фактот како Република Македонија да ги реализира овие реформи пред се за себе, но се разбира и како услов за исполнување на критериумите за членство во ЕУ.

Затоа Владата треба да се засрами затоа што директно на очиглед на сите, безобразно, и безобзирно става рака и ги партизира овие правосудни институции и директно преку свои

кадровски решенија се обидува да го наметне своето влијание во нивната работа. Со тоа крајни губитници се институциите, угледот на Република Македонија, сериозноста на државата и стабилноста на нејзините институции.

Мислам дека краткорочните политички поедни и контролата над судската власт што сака да ја оствари оваа извршна власт ќе бидат со краток здив, затоа што во крајна линија и министерот за правда нема да биде вечен на неговата функција, а целта на реформите не е концентрација на моќ на извршната власт, пред се на министерот за правда.

Од сите наведени причини уште еднаш апелираме до Министерството да размисли, овде не е присутен министерот, заменикот верувам дека нема такво овластување, исходот е однапред познат и затоа со жалење можеме да констатираме дека нема политичка волја на вистински начин да се реформираат и осамостојат овие институции. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Не сакав да земам збор, но ме инспирира претходниот говорник, господинот Кондарко со тоа што рече дека министерот нема да биде доживотен на оваа функција. За министерот парламентарната група ДУИ и ПДП имаат друго мислење дека навистина има министри кои што не се доживотни, но тој е доживотен. Во времето на едноумието тој беше министер, сега повторно е министер и тој ја гради иднината на државата. Веројатно мисли дека и во иднина ќе биде министер. Благодарам многу.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор господинот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Како дополнување на господинот Алити, навистина сериозно после ова негово укажување, сериозно не тера да размислиме дали навистина е така она што го говори господинот Алити. Можеби и ние ќе почнеме да размислуваме така, затоа што навистина ни даде аргументи по неговиот говор, што можат да бидат прифатливи. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам и на вас.

Господине Алити, ако сакате збор нема проблем, господине Кондарко ве молам немојте од место да зборувате. Јас ја водам седницата. Немате право на реплика и не ви дадов реплика. Ако сакате збор нема проблем.

Има збор господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Иако претходниот говорник рече дека има реплика до мене, јас нема да му реплицирам. Јас имав дискусија, а тој имаше право на реплика, но негово право е, дали го искористил за реплика или не не знам.

Јас жалам навистина што господинот Кондарко не го помне периодот на актуелниот министер за времето на монизмот кога тој беше министер, но ние албанците го помниме бидејќи ги сруши дворовите на албанците и затоа се среќаваме на него.

Време е и на македонската страна сигурно да им уреди нешто да биде во полза не нешто добро за нивната иднина.

**Бесим Догани:** Господине Кондарко сега што сакате реплика, збор, повелете. Контра реплика, барајте, повелете господине Кондарко, збор или реплика.

**Борис Кондарко:** Значи господине Рафис Алити вие сте потполно во право. Јас лично не го помнам, меѓутоа, од кажувањето на повозрасните можат да се потврдат делумно вашите наводи, но и многу други, но и многу е симптоматично што еден истакнат функционер од времето на комунизмот сега има врвни функции во една десничарска Влада. Исто така еден истакнат антикорупционер, член на невладинина организација сега е член на политичка Влада. Од тоа можеме јас и вие да ги изведеме слободно нашите политички заклучоци каква политика и за какви цели се залага министерот за правда и како ги партизира државните институции во Република Македонија.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Господине Алити контра реплилка од една минута, повелете.

**Рафис Алити:** Јас и пред тоа реков дека го разбирам господинот Кондарко дека не се сеќава на тој период, како што не се сеќава мојот колега Сафет Незири, но тоа го знае господинот Рембит, во тоа време беше во затвор и ги разбирам овие млади што не го знаат или не го познаваат тој период кога тој беше министер во претходната Влада.

**Бесим Догани:** Го заклучувам претресот по амандманот.

Ви се заблагодарувам за меѓусебната реплика.

Пред да ве повикам да гласаме ги повикувам пратениците кои не се во салата да влезат во салата, а службите да ни достават точен број на присутни пратеници.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Бидејќи во салата се присутни 61 пратеник, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 56 пратеници. За гласаа 15, воздржани нема и против 41 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 пратеник присутен во салата за законот гласаа 54 и сите 54 гласаа за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за државно правобранителство.

Денешната 53 седница ќе ја продолжиме утре во 11,00 часот, ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот)